# СБОРНИКЪ

ЗА

# НАРОДНИ УМОТВОРЕНИЯ, НАУКА И КНИЖНИНА

ИЗДАВА

МИНИСТЕРСТВОТО НА НАРОДНОТО ПРОСВѢЩЕНИЕ.

## КНИГА XIV.

СОФИЯ
ДЪРЖАВНА ПЕЧАТНИЦА
1897.

# Съдържание.

## I. Наученъ отдѣлъ.


Стр.

**Ив. К. Урумовъ.** Материали за флората на Ловчанския окрѫгъ . . . . . . . . . . 3
**А. Щраусъ.** Емерихъ фонъ Фривалдски върху флората и фауната на България и на Балканския Полуостровъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 86
**П. Бахметьевъ.** Колѣбанията на подпочвената вода и тѣхната свързка съ земнитѣ електрически токове въ София и неинитѣ околности . . . . . . . . 102
**Г. Бѣлковски.** Кредитътъ и банковото дѣло въ България . . . . . . . . . 129
**Д. Илковъ.** Ексурзия до езерата на Рима . . . . . . . . . . . . . . . 226
**Д-ръ Л. Милетичъ.** Заселението на католишкитѣ българи въ Седмиградско и Банатъ . 284
**Ив. П. Славейковъ.** Една стара черковна кодика въ Трѣвна . . . . . . . . 544
**В. Добруски.** Исторически погледъ върху нумизматиката на тракийскитѣ царье . . . 555
„ „ Новооткрита римска военна диплома . . . . . . . . . . . . . . . . 634
**Л. Куба.** Тоналноститѣ въ българскитѣ напѣви . . . . . . . . . . . . . 641
**Е. Спространовъ.** Джеладинъ-бей . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 665
По историята на учебното дѣло у насъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 726
Наблюдения отъ Метеорологическата станция при Софийската Държавна Гимназия.


## II. Книжовенъ отдѣлъ.


**Н. Станевъ.** L'épopée Byzantine a la fin du dixième siècle. Guerres contre bes russes, les allemands, les bulgares. Luttes civiles contre les deux Bardas. Jean Tzimicès, les jeunes annés de Basile II. le Tueur de Bulgares (969—989). — Par *Gustave Schlumberger,* membre de l'institut. — Paris. Hachette & C-ie. 1896. . . . 3
**Д. Уста-Генчовъ.** Изборникъ Развѣдчика. — Безплатное приложеніе къ журналу „Развѣдчикъ" за 1896 и 1897. книжки II., III. и IV. Бѣлѣжки на генералъ-лейтенантъ Менькова за прѣселението на българитѣ прѣзъ източпата война 1853.—1856. . . 40
**Д-ръ Б. Минцесъ.** Новъ приносъ къмъ държавната история на Княжество България . 48


## III. Народни умотворения.

### I.

### 1. Пѣсни периодически и религиозни.


Отъ Ловечъ, записалъ Тр. Хр. Трифуновъ . . . . . . . . . . . . . . . . 3
„ Габрово, „ Н. Стойковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
„ Велесъ, „ Т. Г. Ецовъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
„ Копривщица, записалъ Стоянъ К. Стрѣзовъ . . . . . . . . . . . . . 7

### 2. Пѣсни изъ личния животъ.

Стр.

От Копривщица, записалъ Ст. К. Стрѣзовъ . . . . . . . . . 14
„ Пирдопско, записалъ д-ръ М. Ивановъ . . . . . . . . . 17
„ Софийско, „ В. Л. Вълчиновъ . . . . . . . . . 18
„ Царибродско и Пиротско, записалъ † К. В. Друмевъ . . . . . . . . . 35
„ Ахж-Челебийско, записалъ Ст. Н. Шишковъ . . . . . . . . . 38

### 3. Пѣсни изъ челядния животъ.

Отъ Ахж-Челебийско, записалъ Ст. Н. Шишковъ . . . . . . . . . 41
„ Копривщица, записалъ Ст. К. Стрѣзовъ . . . . . . . . . 42

### 4. Пѣсни изъ обществения животъ.

Отъ Копривщица, записалъ Ст. К. Стрѣзовъ . . . . . . . . . 58

### 5. Пѣсни изъ политическия животъ.

Отъ Копривщица, записалъ Ст. К. Стрѣзовъ . . . . . . . . . 66

## II.

### 1. Тълкувания на природни явления и пр.

Отъ Габрово, записалъ Н. Стойковъ . . . . . . . . . 97
„ Казанлъкъ „ „ „ . . . . . . . . . 97
„ Стара-Загора, записалъ Н. Стойковъ . . . . . . . . . 98
„ Самоковъ, записалъ Д. Икимовъ . . . . . . . . . 98
„ Ахж-Челебийско, записалъ Ст. Шишковъ . . . . . . . . . 98
„ Велесъ, записалъ Т. Г. Ецовъ . . . . . . . . . 99

### 2. Баяния, врачувания и лѣкувания.

Отъ Котленско, записалъ Н. Станчевъ . . . . . . . . . 101

### 3. Приказки за зли духове.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 103

### 4. Приказки за черковни лица и явления.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 107

### 5. Приказки изъ челядния и общественъ животъ.

*Смѣшни.*

Отъ Пиротско, записалъ † К. В. Друмевъ . . . . . . . . . 113
„ Прилѣпъ, „ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 116

### 6. Прѣдания за лица и мѣста.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 118

### 7. Басни (аполози).

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 123

### 8. Приказки фантастични и смѣшни.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . 125
„ Софийско, „ Д. Вукадиновъ . . . . . . . . . 128
„ Панагюрско, записалъ Ангелъ Радевъ . . . . . . . . . 131

9. Пословици. Стр.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136

10. Гатанки.

Отъ Драмско, с. Плѣвне, записалъ Гяуровъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 158

11. Клетви и благословки.

Отъ Велесъ, записалъ Т. Г. Ецовъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 159

12. Скоропоговорки.

Отъ Габрово, записалъ Н. Стойковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 176
„ Ахж-Челебийско, записалъ Ст. Н. Шишковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 177

13. Дѣтински залъгалки, игри и др.

Отъ Прилѣпъ, записалъ М. К. Цѣпенковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 177
„ „ „ А. П. Стоиловъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 181
„ Горно-Джумайско, записалъ А. П. Стоиловъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 182

14. Обичаи.

Отъ Пловдивско, записалъ С. Гълѫбовъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 182
„ Неврокопско „ В. Пасковъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 183

15. Материалъ за български рѣчникъ.

Отъ Вратца и околностьта му, записалъ Димитръ Д. Бешовишки . . . . . . . . . . 189
„ гр. В.-Търново, записалъ Петко К. Гѫбювъ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 206

Двѣ изображения, изработени отъ Мръквичка: женски носии отъ Чепеларе (Рупчоско) и Драгалевци (Софийско), осемь таблици къмъ статиитѣ на В. Добруски и тринадесеть фигури къмъ статията на П. Бахметьевъ.

Или баснатарката казва тази басень:

Си́ньа фти́цѫ пу си́ньо нéби фа̀рчеши,
В устá си си́ньѫ зѫмьá нóси,
Ут си́ньѫ зѫмьá си́ни іáдуви кáпьѫхѫ,
Пу бéли кáмѫни сѫ пра̀скѫхѫ.
Тѫі дѫ сѫ пра̀снѫт у́рукити на...!
(името)
Дѫ сѫ учи́сти кѫту́ чи́сту срибрó,
Дѫ улéкни кѫту́ лéку пирó,
Дѫ прими́ни кѫту́ сла̀нци приз нибé;
Аз дѫ бáіѫ, Ку́змѫн дѫ баі,
Свитá Бугурóдицѫ цьар дѫ дáвѫ
и льакуви!

Слѣдъ това баснатарката поръсва болния съ босилкова китка. Всичко изложено дотукъ се повтаря до три пѫти, а съ водата отъ паницата поливатъ или куче, или котка, или кокошка, и както животното се отърсвало отъ водата, тъй и болниятъ се отърсвалъ отъ болестьта.

### 3. Баянье за сбоища.

„Ѫку́ е збóишти на (името на болния), збóишти дѫ сѫ рѫзи́ди, збóишти дѫ сѫ пра̀сни пу дѫш, пу вьáтѫр, дéту чильáк ни хóди, дéту брáдвѫ ни сичé, дéту фти́чи ни фа̀ркѫ!

Дѫ му улéкни кѫту́ пирцé дѫ сѫ учи́сти кѫту́ срибрѫцé, кѫту́ нѫ бу́лкѫ дáрувити, кѫту́ óрѫн-кóпѫн! Сидимдисé брáтѫ, сидимдисé сéстри, плóси вичéри, плóси плѫнинá!“

Слушана отъ Топдювица Гечева.

### 4. Баянье за сирма.

Понѣкога киткитѣ на рѫцѣтѣ отъ тешка и продължителна работа, напр. копанье, жетва, задебеляватъ и се усѣщатъ доста силни болки. За такива рѫцѣ нашитѣ селяни казватъ „рѫцѣтѣ му се сирмосали (развили)“.

Повиканата баснатарка цѣри „сирмосанитѣ рѫцѣ“ съ разтриванье. Растриваньето се продължава, докато баснатарката изговори слѣдната басень три пѫти:

„Зѫжéни сѫ си́рмѫ зѫ дéвьѫт ма̀жѫ, уд дéвьѫт óсьѫм, уд óсьѫм сéдьѫм, уд сéдьѫм шес, уд шес пет, уд пет чéтири, уд чéтири три, уд три два, уд два иди́н уд иди́н ба̀ри́н иди́н.

Ка̀кту сѫ пра̀снѫли си́рминити ма̀жи, тѫі дѫ сѫ пра̀сни Пенинѫтѫ (името) си́рмѫ!“

Слушана отъ Великовица Бучукова. — С. Медвенъ, 7. май. 1896. година.

---

## 3. Приказки за зли духове.

### Отъ Прилепъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### Трескатa.

Чумата, буіцата, улерата, трескьите и друзи некоі болести биле жени, а пак друзи некоі болести биле мажи.

Машкьите болести биле по-лоши от женцкьите, а женцкьите не биле толку лоши, и затоа непара умирале свет от женцкьите болести (зер малку лугье умирале от чумата и улерата), чункьи колаі, колаі жена не можи да надвие маш и да го умрит. (Вака веруа баба Мариіа, што ми прикажа за трескьите).

Во старо време си биле две жени многу ма̀рзливи и осиромашени от іаденье слатко, благо. И откоа видоа, оти кье умрат отглади, се созборуале

да бидет трескьи и да одат по лугьето да и тресат, та да іадат пак слатко, благо, чункьи, кога кье се поболи некоі чоек, кье му даваат от се што кье му текни за іаденье и за пиенье на болниот.

— „Али бидуаш да бидиме, мори сестрице, ние двете трескьи, му вели едната на другата, та да живееме царцкьи и господарскьи?“ — „Уу, ами ако е арно, како не бидуам, му рекла втората, а кажи, да видам, какви трескьи кье бидиме, оти іас не знам, што се вели трескьи?“ — „Ами какви трескьи кье бидиме, кье му влегуаме на лугьето во сжрцето, коа кье іадат нешто зелено, му рекла пжрвата, како: сливи, іагурида, зердели, диньи, мирисалкьи, и тогаі кье му влегуаме и кье и фтресиме; студ кье му носиме, горештина кье му носиме и лугьето кье и мачиме, за ние раат да праиме. Ете таквие трескьи кье бидиме; коа кье го ватиме некого, тикьи да го затресиме, дури забите да си и окжршит, тикьи да се уплашит и да ни легнит“. — „Арно си го измислила тоі занаат, мори сестрице, іе рекла фтората, чункьи оваі пусти век така е курдисан, кої е поитжр и по-іунак, тоі по-раат кье живеит“. — „Така е, ами како, зер сега го знаиш ти тоа, іе рекла пжрвата. Іа аі, Боже, поможи, речи и тжргаі ти по мене, да како кье ни Бог поможи; едно излегуанье от порта и кого кье видиме, него кье го фатиме и кье го стресиме, само да речиме, сефтето да ни е аирлиа, и кье видиш, оти царцкьи кье си живееме“. — „Твоі збор Божи уши, сестрице, ѝ рекла фтората, аі Боже, поможи, іас кье речам и тжргам по тебе, да видам и после да поверуам, за оти царцкьи кье живееме“.

Едно си и дорекле тие и друзи збори трескьите, се прекжрстиле и излегле от порта надвор, за да влегуаат во лугьето. И едно излегле от порта надвор, еве ти двоіца мажи, еднио богат и другьио воденичар, та се зачнале двете трескьи и влегле двете во двоіцата мажи. Во богатио влегла фтората, а во воденичаро влегла пжрвата, и на часот почнало да и тресатит, и да му студит, и да се обтегаат. Тжтж, тжтжтж, тжтжтж праел еднио, тжтжтжтж праел другьио, одваі си отишле дома. На часо му послале на богатио душекот, поли со пердуи, такугьере и перници, и го покриле со еден сжрмен іорган. И почнале да го прашаат домашните, што да му даат нешто да се напиет, за да се стопли. Кога чуле роднините и приіателите на богатио, оти е болен от една невидена и нечуена болес, сите дотжрчале да го видат и да го понадат. Кої ракьиа во пагурче му донесол, кої ракьиа амбериа му донесол, кої карта со вино на коминье режоито му донесол, кої вино тригодишно му донесол. Едни краваічиньа, со коприненото сито месени и малку поткьиснати, кої биено сиренье, кої свинцкьи колбаси му донесол, кої от кої по-слатко гледал да му донеси и да го понади богатиот. А пак жените понада што му носиле, тоа било за чуденье, чункьи богатио имал многу родеи и приіатели. Кога го фтресуало, се тресел и викал: тжтж, тжтж, а пак дотогаі трески лугьето не беа виделе, тикьи многу го жалале. Кога почнале жените да му носат понада, чункьи беше залежал богатиот от треската баегьи време, коіа жена от коіа по-слатко и по-благо се мачела да напраит и да му донесит. Цела бакалница околу богатио имаше от женцкьите понади. Коіа питулици му донесла, коіа колпите, коіа деветтабани, коіа зелник коприваланик, коіа тан алва и пита сомун ас-екмек, коіа ериште,[1]) коіа ошаф и орис варен, како на место пильаф, коіа кьисел пекмес, коіа речали, коіа лимони и протокали, коіа тетоскьи іаболка и друзи іемиши, што имало во чаршиіата, от се́ му донесле на трескаиот да каснит. Тамам кье и се іадеше на треската и кье го грабнеше да го треси богатио, и, откоа кье го претресеше, коа кье му се отвореше една ешта за іаденье, цел пес опален не му фтасуало да го изеи, ама не оти се вакьаше за него от іаденьето, што іадеше богатио, да чункьи треската, што беше во него, таіа сето му го іадела и му го пиела. От што не кье чуела

---

[1]) Рѣзаници за супа отъ тѣсто.

треската за іаденье и за пиенье, тоа не кье посакала. „Проклетата треска, іади, пи легни спи“ и дрочит и на богатиот само меот му тагареше и му го дуеше, за да му тежит и да го мжрзит да седи и да одит, ами се да лежит и да спиет, чункьи на мжрзливата треска й се спиеше и іа мжрзеше сто пати поекье отнапрет, коа не беше треска, да штом кье се изнаіадеше и кье се изнапиеше арно, арно, кье се бапнаше да лежи во меката постела. — „Разбуди се, домакьине, разбуди! отвори и очите, му велела домакьинката; даі да ти потурам троа вода, да се измиеш образ. Стани малце, порашетаі се по надвор, да земиш малце ветжр, та белкьим кье ти доіди троа по-арно. Е, доста векье лежа, бре домакьине, еве три години време, каі лежиш од оваа пуста болес, што іа нема у другьега. Само лежиш и спиеш, ручек, вечера поекье од нас іадиш и ништо на тебе нема да клааш, само мео го големеіш, како некоі тагар, а врато го истанчи; во снагата се исцигли. Іас да не те терам да станиш, бре домакьине, ти сам гаірет да си праиш. Ама не е така де, сам ти речи, домакьине?“ — „Оф мори, домакьинко, коі слеп не кьи очи, да ѝ іас да не кьум да станам и да прошетам, іе рекол богатио, и здрав да бидам, ами коа ме опоіала пуста болес неверна и нечуена; ме ватила за очи и се на спиенье ме терат. Штом кье преспиіам, мори домакьинко, и кье ме грабни да ме треси за врат, како некоі пес кога да тресит чкембе, проклета, треска за врат ме джржит, како некоіа стиіа. Штом кье ме претресит и кье ми се приіадит, чункьи однатре ми зинуа како некоіа ламньа, за іаденье, и на часот кье ми отежнит снагата, и тежок сон кье ме навали, коа кье заспиіам и кье се занесам, ич да не знам, каі сум. Ете от тоа не можам, мори домакьинко, да станам и да прошетам“. — „Ами чаре, бре домакьине, му рекла жената му, на оваа пуста болес, како да му бараме? Еве триста екьими викнафме и от никого сельамет не видофме. Іа аі даі ми изим, бре домакьине, да викнам некоа стара жена, за да те види и да те побабуа, да белкьи кье видиш некоі сельамет“. — „Ами коі тé запрел, мори домакьинко, да не викаш, іе рекол, жени викаі, викаі, само сельамет да наідам, жени, дервиши, попои, кого кье видиш, викни го, само ако знаи нешто лек, да ми кажит. Стануі де, стануі и не стоі, оди и бараі“. На тие зборои излегла жената му от богатио от кукьи надвор и отишла каі некоа баба сиромашка, што била прочуена за лекарка и іе кажала за болеста на мажа іе и іа зела по себе, та іа донесла дома, да го види мажа іе. Откоа го видела и го испрашала, што му е и што го боли, што билкьи пил, му се наватила да го излекуа, ама ако пие, таіа што билкьи кье му дава, и друго, што кье го бабуа, ако траи. — „Аман, мори бабо, и рекол богатио, само краіо да ми го наідиш, да пелин ако сакаш, даі ми, и кье ти пиіам и друго, што те научил Госпо, праі ми и бабуі ме, само и само сельамет да наідам“. — „Не бери гаіле, синко, му рекла бабата, іас кье ми те кренам во три дни, лели ми се таксуаш да ме слушаш“. На тоа згора отишла бабата дома и скьинала една рака пелин, чункьи тоа чула от богатио коа іе рекол: макар пелин да ми даиш, бабо, само здравье да наідам. И го сварила, та му го однесла каі богатио и му наполнила винцка чаша, та му іа дала на богатио, да іа испие на гладно сжрце. Едно го испил пелино и от што горчеше многу, тикьи се потресе. — „Оф, мори бабо, іе рекол богатио, ме отру со оваа палена билка, што ми іа даде, да іа испиіам!“ — „Не боі се, синко, не боі се, му рекла бабата, іас тебе не те труіам, іас кье іа труіам кучката треска, што те ватила и не кьи да те пушти. Море синко бре, со слатко, благо, іаденье и пиенье не те остаат треската, á синко, незе горчливо, горчливо и луто опни е, а синко, да така да іа истераш. Не кьи да и се галиш, и да іе лежиш во мека постела, ами легни на гола ругузина, и камен потзглаа, не даваі му іаденье и пиенье два, три дни, да кье видиш, како кье побегни от тебе треската“. На тие зборои от бабата кандисал богатио и три дни не беше каснал ништо, испил и три утринье три чаши пелиноа вода, не легнал во меката постела. На трекьио ден бабата дошла за да го видит

богатио и да земит некоі бакшиш. Влегуаікьи бабата во двор каі богатио, го наіде каі лежи на ругузина под трем на сонце полека, полека му пошла зад него и зела бардачето со вода, што било зад богатио, та го натурила во врато и от што се уплашил, рипнал на нозе, како коа да бил здраф. — „Оф, мори бабо, іе рекол наврекнато, што ми стори, да би Госпо ти платил? Ме уплаши со таа пуста вода.“ — „Не боі се, синко, оти проклетата треска колаі, колаі не излегуат от тебе“, му рекла и му се изнасмела. Тогаі дури треската беше се уплашила от студената вода и излегла от богатио, та влегла во бабата. — „Чекаі, гьиди проклета бабо, си рекла сама со себе тресната, да те потресам тебе; оти ми расипа раатот, откаі што си живееф царцкьи и господарскьи. Те донесе грео, да доідиш и да ти текни да ме труеш, гладна да ме остаиш и наі-после па и студена вода да тураш, за веко да ми го земиш“. И на часот богатио беше се отетераил и се развеселил, а пустата стара, откоа се наіде фтресена, нога за нога беше си излегла откаі богатио и си ошла дома, та легнала на гола земьа краі огниште. Поіачила малце, побучила, покжршила двата заба от тресеньето, што и имала оцпреди, и станала, та си турила едно ваганче от пелиноатá вода и беше го испила; постоіала малце, уште едно ваганче испила, и тресната виде, оти бабата кье пие едно по друго пелиноа вода и не легнуала, беше іа остаила и си ошла да бара некоі богат. Арно ама, штом кье го ватела тресната некого, кье се лекуал со екьими и, откоа не кье можеле екьимите да го излекуаат, кье іа викнеле бабата, и бабата кье му опнела пелинот. Не можеікьи тресната да траи, кье го остаела и кье си одела во друк. Откоа се прочу бабата по-целио грат, іа викале да лекуат трескаи и друзи болни, што имало. Како трите години што помина раат тресната во пжрвио богат, не можела да помини во никоі друк така. Чункьи бабата іа викале да и лекуа. И от пелино не можела да траи во чоека от два три дни поекье.

Откоа виде тресната, оти не можи да живеит от бабата, сторила ниет да бегат во друк грат. Излегуаікьи от грат надвор, кога еве ти а посестрима іе (тресната), каі оди и таіа на тугьина. Дала вик по неа: „со здравье, мори сестрице, іе рекла, почекаі да те видам и да те прашам“. Кога іе чула гласот другатá треска и іа видела, застанала да іа почека. Едно се ставиле и се прегжрнале, та се избакнале и се испрашале, коіа како поминала во тие три, четири години. — „Бог дá прости, сестрице, коі те родиле, іе рекла фтората, мир от коскьите да му течит на маіка ти и на татка ти, што се сети ти и ми рече да бидам треска. Страшен занаат ти ми даде, за да поминуам како што сакат Госпот, сестрице; не можам да ти го забораам дури да умрам доброто тфое. Ами не те прашам, мори сестрице, како помина со воденичарот, кога го вати пжрвио пат“. — „Не прашаі, сестрице, іе рекла пжрвата, сефтето мене аирлиа не ми излезе. Едно го ватиф воденичарот да го тресам, и си отиде на воденица, та легна на гола земьа и грабна лучницата, та столчи еден лук со кьиселина и го дигна наеднаш и го испи. Кье ме отруеше, Бог да го убие, уште малку со тоі пусти лук. Не му фтаса тоа, ами ти се слече, кога го фжрлиф во огнеи, и се бапна во іазот, во студената вода, та уште малце кье ме удаеше, да не беф го остаила. Излегуаікьи од него, мори сестрице, сум ти іа ватила една жена богата, та три години сум ти іа джржала и сум се преіала от сите убаиньe; арно ама сега векье не се живеит во овоі грат, чункьи излезе една проклета баба, што іа викаат тие, што и тресам, и му дават пелин, да пиат, та от тоа пусто горчило векье не се траи, и затоа сум тжргнала да бегам во друг грат, каі што не знаат да не тераат со пелиноá вода“. — „Е, да ѝ іас от таіа проклета баба кье ти бегам во друг грат, мори сестро, каі што нема такфие вештеркьи, како оваа, што не труіа со пустио пелин и не распади от нашио грат. Знаиш сега, сестрице, што сакам да ти речам? Ѝ така кье оіме во друг грат, барем да сме двете наедно, кога кье

ватиме за да го тресиме, двете да го ватиме, ама да гледаме некоі наі-богат да го ватиме, да тераме кьеф, дури да ни се здодеи". — „Арно велиш, мори сестрице, іе рекла другата, двете да се здружиме и кьеф да тераме, ама во некоі богат чоек, да го ватиме и да го тресиме, а не во сиромаф, како што беф го ватила воденичарот, и уште малце кье ме удаеше во іазот". — „Така іа, ами како?" іе рекла другата. — „Ами знаиш друго, што ми текна, да ти речам?" — „Е, што ти текна де, кажи ми, да чуіам," іе рекла фтората. — „Да потераме малку кьеф во некоі богат и после да си се омажиме, та да си земиме по едно момче, за да станиме и ние домакьинкьи, да си родиме челат, за да остаиме подник, оти ако не се омажиме, не кье родиме челат и кье остареиме, та кье си умриме и кье куртулисаат лугьето од нас". — „Мошне арно, мошне арно ти текнало, мори сестрице, да си ми жива и радосна! Ова, што си го издумала, е наі-арно за нас, саде моли Бога, да сме живи и здрави, и лоша стрекьа да не не труе со вода пелиноа. Ете тоа е за нас лошо, сестрице, и друго, да не влегуаме во сиромасите, за да не дават во студена вода". — „Колку за тоа, така си е, сестрице, така. Аі сега търгаі танецот, да си оіме, каі што сме намислиле". — „Аі добър ни пат, сестрице", іе рекла другата. Со тоі ниет трескьите беше си ошле от своіо грат во друг и тамо беше се омажиле, та си народиле челат, и от нивната челат се наплодиле едно чудо трескьи и се расечале по инсано, по сета земьа, да и тресат лугьето дури до ден денеска. (Коі можи да речи, оти не е така!). Трескьите биле турли бе турли. Едни трескьи имало со студ, што и тресат лугьето, друзи со горештина, трекьи ни со студ, ни со горештина, по таіно и тресат лугьето, четфърти, ката ден и тресат, пети на трети ден, шести на четфърти ден, седми на пети и шести ден, осми со жолтица, девети со кашлица и уште многу друзьи соіои имало трескьи, спорет баба Мариіа, што веруат и ми кажуала. — „Приказна іе ова, што ми кажуаш мори бабо Мариіе, іе рекоф, кога ми кажуаше за треската, не оти било навистина да?" — „Дури не било, Марко, не можи да се прикажуа, тоа си било, та затоа се прикажуа. Знам іас, оти вие мажите ништо не веруате, ни надворштиньe, ни чума, ни улера, ни па треска. Арно вие не веруате, ами што има едно чудо стари лугье, мажи и жени, што и виделе со очи и патиле од ниф, а судни макьи виделе и търгале, да речи, „Госпо да ме чуа", и плукни си ф пазуа. Толку знаи баба Мариіа, толку ти кажуат, брате Марко, како сакаш, така веруі". Ако, бабо Мариіе, не іа веруам оваа приказна да іе навистина, што ми іа прикажа за треската, мило ми іе да знаат многу баби, како што знаиш ти, іе рекоф, да ми прикажат вакфие антикьи бугарцкьи.

---

## 4. Приказки за черковни лица и явления.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### 1. Дѣдо Ной (мишката и змията).

При друзите чудесии, што напраил кофчегот од деде Ноіа, напраил и оваа чудесиіа: откоа чукнал Ноіо на четири страни на една штица,[1]) да се збираат сите животинкьи, и едно чуле гласот от клепалото, и търгнале сите животинкьи чифт и чифт, та си влегле сите во гьемиіата, спроти како што беше определено от Бога, за кои ѕверкьи да влезат во гьемиіата и тие си влегоа. Помегьу сите животинкьи имало и глуфци и змии. Откоа се кренал кофчего на вода, сите животинкьи седеа кроткьи како некоі іагниньа от страо на водата. Арно ама и на тоі страф се наіде едно животинче да нема страф, оти

---

[1]) Дъска.

кье се потопи, ама али от іунак што било, али от будала, векье кої знаи како било. Да си кажиме прао, тої бес страф іунак ти бил глушецот. Што му текнало да праи глушецот, почнал да іа гризи гьемиіата, како за еленџе да си праи, гжрц, гжрц, гжрц, гризи денеска; гжрц, гжрц, гжрц, гризи утре, дури го дупна кофчегот, и туку штрекнало вода од дупката во кофчего. Спискале животинкьите по деда Ноіа, што им гжрло течи. Дотжрчал дедо Ноіо и што да види? Водата течи како чешма низ дупката. Бре, кої го дупна кофчего? Бре, како се стори? Се докажа от змиіата, оти глушецот го дупнал кофчегот, чункьи змиіата беше го видела, кога гризел глушецо. Дал вик дедо Ноіо по сите зверкьи, да дотжрчаат каі дупката и да іа затнат, арно туку от пустио страф на водата, никое животно не му дошло на помош, само жрслано дошол и баегьи се опечалил сиромаио, да іа затни дупката, со опашката, арно ама не могол да іа пикни опашката во дупката за да іа затни.[1])

Гледаікьи змиіата, оти жрслано не можел да іа затни дупката, му се испраи пред деда Ноіа и му рече: „іас можам да іа затнам дупката, дедо, ама ако ми даиш нешто бакшиш?“ — „Е, што бакшиш сакаш, мори змио, да ти даам? іе рекол Ноіо; кажи ми, ако е мунасип, кье ти даам,“ само да іа затниш дупката?“ — „Сакам да ми даиш, дедо, от бьулбьулчиньата, што се на горнио кат, да си и изеам. Ете тоа сакам да ми даиш, дедо“. — „Тоа, тоа кье ти даам, змио, е рекол Ноіо, само затни а дупката“. Коа чу змиіата тоа нешто от дедо Ноіа, на часот беше се спуштила и беше іа воврела опашката во дупката и іа затнала. „Сечиме, дедо, докаі сум пикната во штиците, му рекла, да остани затната дупката“. На часот Ноіо изваил ножо и іа пресеколк опашката на змиіата, и остана затната гьемиіата. Ете по некоаш и змиіата праи добрина, ама со рушфет, со рушфет нека бидит.

Баегьи дни што боледуала змиіата от пресечената опашка, арно ама надеваікьи се на убаите бьулбьулчиньа, оти кье му даел дедо Ноіо, како да не сети болештина голема, ами сфетрум е поминала.

Откоа се затна дупката от гьемиіата, заповеда Ноіо, да доіди глушецот и да іа исплиска водата, што влегла от дупката, и да іа очисти гьемиіата. Арно, туку глушецот беше се устрамил от грешката, што беше іа напраил, тикьи беше се скрил помегьу животинкьите, та едваі го нашле и му го донесле прет деда Ноіа. — „Каі си, бре пакоснику? Даби се пакос да праиш и така да се раниш, му рекол дедо Ноіо како на врекнато; што се криеш, даби довек да се криеш по дупкьи и по кукьи и бел ден да не видиш! Ха, земи да іа изблискаш водава от гьемиіава што іа пушти ти, оти сега кье те превжрлам преку гьемиіава, да се удаиш во потопот!“ Устрамен сиромашкьио глушец, си засукал поли и ракаи, та почнал да плиска вода. Како ти плискал, како ти плискал, да дури іа исплискал сета. Ама пак беше окапал, векье не ти треба, како глушецо окапан, што велаат стари, во некоа каца от расолница. От вжрф глаа да дури до петици беше се напраил жива вода.

Неісе, како било, било, поминало, спаднала водата и налегол дедо Ноіо со синои си и испуштил сите животинкьи от гьемиіата и секое от ниф и благосуваше. Излегуаікьи и змиіата, и неа іа блаосоил, да си іади глуфци. Кога чула змиіата, оти іа блаосоил дедо Ноіо да іади глуфци, недраго и паднало и му се испраила пред него, та му рекла: „ами лели бьулбьули ти сакаф да ми даеше, бре дедо Ноіо, оти сега ме блаославаш, да іадам глуфци?“ — „Не сум ти таксал да іадиш бьулбьулчиньа, е рекол дедо Ноіо, чункьи ти ми рече: ако ми даиш от горскьите глуфчиньа, а не ми рече от горните бьулбьулчина. Іас така те разбраф и така ти се таксаф, та затоа и така те блаосуам. Ете така, змио, оди си со здравье сега и поекье збори не ти треба.“ — „Е, сега

[1]) И жрслано бил блаосоен от деда Ноіа, при се што не могол да іа затни дупката со опашката: — „Аі да ти е блаосоена опашката, абре жрслану, му рекол дедо Ноіо: и со неа да си іа покриваш зат тебе трагата“.

разбраф, оти іанлжш си ме разбрал и іанлжш сум те разбрала: аі берикьатферсин и на полцкьите глуфчина. Ама очите кье ми бидат во убаите бьулбьулчинья“, му рекла злобливата змиіа на дедо Ноіа и си отишла. Со тоі блаософ си излезе и змиіата от гьемиіата и си отиде по работата со мисла па да іади бьулбьулчинья. Ете от тоі благософ от деде Ноіа, што и благосил глушецот и змиіата, и ден денеска глушецот се се криет от страм и дупкьи дупит по кукьите, по амбарите и по сите садои, каі што има за іаденье. А пак змиіата се си гони бьулбьулчинья, гьоа да вати, арно ама тие сет благосоени от деда Ноіа, да се пазат не само от змии, ама от се́ што да видат. Не можеікьи змиіата да вати некое бьулбьулче, ако му наіди іаіцата, кье му и изеи, шу да касни от ниф нешто, а на место да іади бьулбьулче, от некое гранче, каі што си стои и си пеи, некое бьулбьулче, туку кье е излези некое глуфче от некое коренче, или дупче, и кье си го зграпчи, та кье си гс голтни, и кье си се наіади, за да се исполни благосоот от деда Ноіа. Како што се страми глушецот от дупнуаньето на гьемиіата от деда Ноіа, така се страми и лильако от што остана борчлиа, кога беше ортак со капината со алишта, кога кье носеа да и продаваат преку море и му се удаиіа во морето, та остана борчлиа и от страм лильако се скри, и ден денеска денье не излегуат.

## 2. Грѣховенъ царь — светецъ.

Си бил еден цар многу лош, пра́ел от сите безако́ниі, и Господ са́кал да го вра́ти от тие лошо́тиі, му пра́тил а́нгело на еден све́тец, да му ре́чит да поіди каі ца́рот, да му покажит лошоти́іте. О́тишол све́тецо каі ца́рот и во е́ден не́делен ден, царо бил ф цж́рква, вле́гол свети́ата ф цжрква и, вжрве́ікьим прет царо, свети́іата не му се поклонил, како што му се поклону́але си́те лугье, што влегу́але ф цж́рква; ца́рот го забе́лежал и по́ цжрква по́сле беше го ви́кнал на сараи, та беше му ре́кол: „а́бре чо́вече, што́ чоек кье би́диш ти, што не ми се по́клони, кога беф ф цж́рква?“ — „Аир, че́стити царе, му рекол свети́ата, не́ беше ти цж́рква, за́тоа не ти се по́клонив“. — „Ами каі беф, бре́ чо́вече? му рекол ца́рот на лу́тина, ти зер сле́п беше, што не си ме́ видел, о́ти сто́веф во сто́лот и се́кої, што влегу́аше ф цжрква, ми се поклону́аше?“ — „Ви́стина, честити царе, ти беше во сто́ло, му рекол светецот, ама ми́слата и ду́шата ти шеташе по лубовни́ците и нечесните же́ни; по наі-сла́ткьите іа́дачкьи и пи́іачкьи и по мно́гу дру́зи работи, што не́ кьум в очи да ти и ка́жам, чу́нкьи сега са́м кье се се́тиш, какфи ра́боти ло́ши пра́иш, откоа ти наумиф іас“. Кога беше го и́слушал царот сфетецо, на чудо беше ста́нал, откаі беше му и нау́чил сите лошо́тиі. — „Те мо́лам, чо́вече, ако не ми ка́жиш, што чоек кье би́диш, што си ми зна́ел си́те ло́ши ра́боти моі?“ — „Госпот ми о́ткри, че́стити царе, му рекол кау́гьерот, за́тоа ти и знам.“ — „А́ми сега како да́ праам, му рекол царот, чоече Божье, за да се про́стам?“ — „Тоари три тоари пари, му рекол свети́ата, и ела со́ мене, за да ти кажам, каі да и ра́здаиш мило́стина, да те про́сти Господ, чункьи се се́ти и се о́гнаси[1]) от сите лоши ра́боти, што си и сто́рил досега“. То́арил три тоари а́зно царо и тж́ргна со свети́ата да и ра́здава мило́стинья. Стре́ле на една раскрж́сница[2]) еден сиромаф чоек со три́ста а́лтици[3]) на али́штата, се́днат во едно буниште[4]) и туку викал по секоі чоек да го да́руа некоа па́ричка. — „Ха, царо рекол, еве еден сиро́машец сега, колку пари да го да́руам?“ — „Една пара да го да́руаш, че́стити царе, му рекол све́тецот, оти ово́і чоек не іет си́ромаф, ами ет стребро́лубец: по́т него има е́ден гжрнец полн со па́ри.“ Кога откопа царо, ви́стина така беше било. Поодиа по́-тамо, ето му една сиро́машка жена — и́ таіа со три́ста а́лтици на али́штата, заста́нала до едно кьо́пе[5]) и туку ви́кала по се́кого, да іе да́ит една па́ричка. — „Ха, рекол царо, еве на о́ваа сиро́машка, сега ка́жуі, колку́ пари да ѝ даам?“ — „Една пара даі е, честити

[1]) Огнусилъ се. [2]) Кърстопѫть. [3]) Кърпи, дрипи. [4]) Купиште. [5]) Жгълъ.

царо, му рекол светиата, и таа биле му е мнóгу, чу́нкьи и оваá жена іет стребрóлубна: под óгништето дома іе и́мат една шу́тка[1]) со пáри закóпана.“ Кога пóшол цáро, ви́стина беше іа нашол шутка пóлна со пáри. Излегуáікьи откаі жената, еве ти еден чóек прóменет со у́баи áлишта[2]) фкачен на еден кон мнóгу у́баф, нáружан со у́бао сéдло и у́зда. — „Хá, éве, чéстити царе, му рекол светúіата, еве на óвега да му дáишм милóстинья, оти беше гóлем тжрговец, а сéга іет дóвлет-душкьун[3]) и одит в мóре да се у́даит“. Кога го и́спитал цáрот чоеко, ви́стина тáка беше би́ло, како што рéкол светúіата. И по тáквие лугье беше и рáздал цáро си́те три áзни. И от тóі саат цáро се óстаил от грéот и бил от Бога прóстен.

## 3. Свети Тома.

(Благодѣянието е рай).

Свети Тóма бил мáістор за ку́кьи да прáит. Откоа у́мре Христóс и се вóскресна на нéбеси, свети Тома вáтил да кáжуат по лу́гьето, за да го веру́аат, оти ви́стина вóскреснал от умрéните Ристос. Шетал по сéлата и градóите свети Тома, да кáжуат (проповедуат) за Христа. Ви́стина кажу́аше, ама и си работеше мáісторлук, да си го вади лебот, а не да чека од народот. Óтишол во еден град и се кáжал за пжрф мáістор (устабáшиіа). Во тоі град и́мало нéкоі чорбáџиа мнóгу бóгат, чул за свети Тома, оти бил мнóгу мáістор и го ви́кнал при́ себе да го прáшат, дали мóжи да му нáпраит еден сáраі, што да го нéмат на вéкот; кóлку пáри кье се стóри, кье си брóит, сáмо убаф да би́дит. Свети Тома му и́зваил еден рéсим, што беше се зáчудил чорбаџи́ата. Тек, чивт, беа го пазáриле, и беше му зел кáпаро св. Тома да му го праит сараіот. Тоі чорбáџиа бéше мнóгу лош мамелеџиа; беше и слéкол си́те лугье во грáдот, от тéшко мáмеле што беше му зéмал, без исаф чоек беше бил и бездушник. Откоа беше и зел пáрите свети Тома, ду́мал, ду́мал и и́здумал еден мáрифет: и за чорбаџи́ата да се и́збавит от грéот, и сиромáсите да се зáкрепат во грáдо и да речат бог дá прости. Прáшал во градо, за коі сет наі-сирóмаси жрзелии, што не одат по пи́танье, и му дал пó троа пари, да се подзавати во некоя рáбота и да се ранат. Поми́нале нéколку дни, и пак пóшол свети Тома каі богатиот, пак му зел пари за гьоа кье ку́пуат заіре, што требат. Трекьи пат, чéтвжрти пат му зел, и тогаі го прáшал чорбаџи́ата: „абре мáісторе, му рéкол, ти туку речи полоіната пари и зеде и ни́што на мегдан не и́зваде.“ — „Сите пари, си́те кье ми и дáиш, чóрбаџи, му́ рекол свети Тома, и наі-после кье го ви́диш азжр сáраіот, іас скри́шем кье го нáпраам и вéднаш, коа кье го би́тисам, кье го ви́диш, сам та кье се зáчудиш, што сараі іет“. Беше се у́верил чорбаџи́ата и пóлека, лека, беше му и дал си́те пари, што трéбаше за сараіот да се напраит. Дóшло определéното време, за да се зглоби сáраіот, го ви́кнал свети Тома и го прáшал, оти не гó зглобил, тоі му наогьал рачкьи и мжрдалкьи, іок утре, іок другъ ден; на тóа згора чорбаџи́ата, откоа беше и́спитал здраво, оти свети Тома ни́што нé праел, ами само го лáжел, стóрил дава и го клал апас и на гóлема мака го прéдал на судот. За чудо гóлемо нóкьта беше сóнил чорбаџи́ата еден сон, како да бе се кáчил на нéбеси, и беше му покáзале еден сáраі, нáі-убаф. — „Го пóзнааш, чóрбаџи, овóі сарáі чи іет?“ му рéкол áнгел божи. — „Овóі сараі іет како рéсимот моі, што ми го дáде Тома мáісторо, а чи іе сáраіо, іас нé знам,“ му отгóворил чорбаџиата. — „Твоі іет овоі сараі, чóрбаџи, твоі, овде, откога кье умриш, кье си доиш да си сéдиш, векутума века. Оди сега и пушти го свети Тома и голем бáкшиш да му дáиш“ му рече ангело. Едно се рáзбудил чорбаџиата и го пуштил свети Тома от апсаана, и чорбаџи́ата се спаси, и сиромасите рекоа „бог да прости“.

Приказана отъ татка ми.

---

[1]) Стомна безъ дръжка и безъ гушка. [2]) Дрехи. [3]) Изпаднжлъ отъ търговия.

## 4. Сиромахъ и наречници.

Си бил еден чоек многу работен, арно ама две наедно не можел да клаит. Стребро кье вател, камен кье му се сторело. Наі-мачна и наі-тешка работа вакьал, само и само да спечалит некоа пуста пара, за да се рани со леп, да коі глеал да артириса за старос. Ако не го поткрепуале приіатели со по некоа пара, одамна беше умрен отглади. По-набжрго му се молел на Бога, за да му іа благосоит работата, што іа работел, арно ама Госпот како да не го слушал и не му напредуала работата. При многуто работи што вакьал, ватил и бостан да сади; седум години со рет што садил бостан, и во сите седум години не му се сториле лубеници во бостанот. На седумте години одваі му се сторила само една лубеница во среде бостано, и іа вардил, дури да узреи, како очите; тамам фтасала за іаденье, іа скьинал и іа клал во една врекьа, та іа кренал на рамо и тжргнал да му іа носит каі еден негоф верен приіател, да му іа даит бакшиш и да му кажит, оти во седум години, што би бостанциа, само една лубеница скьина от бостано.

Одеекьи по пато, го стрел Господ, препраен на старец, и го поздравил, и го запрел на патот, за да го праша гьоа за нешто. Отфориле муабет Госпо и чоекот и дошло зборо за лубеницата, што іа носел во врекьата чоекот. Бидеікьи Госпо го потпрашуал чоеко, за како му е работата, чоекот, без да го лажит, се́ му кажуал, како не можел да клаи две наедно, при се́ што работел гологлаечкьи. — „Ами каі кье іа носиш сега оваа лубеница, бре чоече?“ го прашал Госпот. — „Каі еден моі приіател, старче, кье іа носам,“ му отгоорил чоекот. — „Іа аі пресечи а, двата да іе се гостиме, да ела ти после по́ мене, да те однесам каі наречниците, за да и прашам, што ти нарекле на трекьата вечер.“ — „Арно ми велиш, дедо, ама, му рекол чоекото, сум іа таксал на приіателот, што ти кажаф, да от тоа не чини да іа іадиме“. — „Море де бре синко, не биди аџамиа, му рекол Госпот, от таксуанье кукьа не се расипуа, слушаі ме ти мене, да после колни ме“. На тие зборои, што му и рекол Госпот на чоекот, беше кандисал и іа пресекол лубеницата, та беше му се нагостиле іако, бидеікьи била баегьи голема. — „Аі сега земи си врекьата и ела по мене, му рекол Госпот, да те одведам каі наречниците.“ Тжргнал чоекото по Госпот и ошле каі наречниците. Откоа сториле здрао живо со наречниците, „іа отфорете, мори наречници, им рекол Госпот, да му видите на овоі сиромаф, што му е пишано, да му вжрви преку глаа.“ Веднаш тие отфориле тефтерите и му виделе. — „На овоі сиромаф му е пишано, му рекле, старче, да крадит и да іадит“. Тоі збор му кажале наречниците и си тжргнале по работа да одаат. Тамам си излегле от порти надвор, и дедо Госпот му рекол на чоекот: „іа ела вамо, бре чоече, отфори го санджкоф и наполни си а врекьата со алтжни от овие, што собрале наречниците, како от тебе сиромаси, и оі си дома да си живеиш, како што рекол господин Бог“. На тоа згора наполнил чоеко врекьата со алтжни, доколку што можел да крени и, откоа му поблагодарил на Бога, си тжргнал за дома и донегде оделе со Бога, а отнегде Госпот си летнал на небеси и невиден бис се стори. Тогаі дури беше го сетил чоекот, оти старио бил Госпот, и си рекол сам со себе: „се́, што не е возможно на чоека да го стори, на Бога е возможно“. И си отишол дома богат до немаі каде стока.

Слушана отъ бае Найка калъпчията.

## 5. Св. Никола и сиромахъ.

Еден сиромаф чоек си имал девет деца, сите девет му биле машкьи. Работеле тоі и жената му гологлаечкьи и одваі со леп можеле да се пранат. Не можеле да артирисаат некоа пара, да си напраат некое алиште за себе и

за децата. Многу мака му било, дека толку сиромаси биле. Тие си имале една икона во иконастасот со лицето от свети Никола и утро вечер кандило му палеле и свети Никола го молеле, за да и обогати малце и да можат да се сторат идаре во кукьата. Метании, молитфи утро и вечер праеле и Бога се молеле, само и само Госпот да и подари и да не бидат толку сиромаси. Не знам колку години, што му палиа кандило на св. Никола и го молиа, за да и обогати, арно ма не и обогатуал. — „Оф, мори домакьинко, ie рекол сиромаио на жената си еднаш, што беше тоі пусти греф тежок наш, да се молиме толкуа години на свети Никола, за да го моли Бога, малку отмалку да не обогати, да можиме да се сториме идаре, како друзи домакьини што се чинат. Што беше пусти лош кѫсмет наш, што не работи“. — „Тѫрпение — спасение, домакьине, му рекла жената му; ако сака Госпот и свети Никола, кье не обогати, арно ма тоі не обидуа. дали кье можиме да тѫрпиме, дóкраі, да после да не подари“. — „Слушаі вамо, жено, ie рекол, iac што сакам да ти речам? Iac гледам, оти мене кѫсмето не ми работи, свети Никола не ме слуша. Нафиле што му го палиме кандилото и му се молиме пред иконата. Отсега вамо мене не ми треба икона. Iac кье бегам, жено, од овоі грат во друк, за да работам, да белкьим кье пукни гьаоло, и кье ми се разработи кѫсмето. Друго чаре, домакьинко, не бидуа. Откоа кье се истаам одовде, жено, можи па тфоіо кѫсмет да се разработи и да ни кьиниса за напрет.“ — „Наі-после, домакьине, како кье те учи Госпот, така праі, оди на тугьина, работи, печали, ама от свети Никола и от Госпот не тѫргаі рака,“ му рекла. — „От Госпот, жено, не кье тѫргам рака, ама иконата от свети Никола нема да ia остаам во иконастасон, ами в огнот кье ia клаам и кье ia изгорам, ie рекол, за да не си арџам маслото и да му горам кандило, кога не е вреден да ми поможи.“ — „Тѫрпение, домакьине, спасение,“ му рекла. Тѫрпение, мѫрпение, тоі не слушал, што му велела жената му, ами грабнал иконата от свети Никола и ia бапнал в огон, та ia изгорел. Се спремал и си тѫргнал да оди на тугьина.

Одеікьи по пато, еве ти некоі стар чоек, каі си патуал. Тѫргнале двата да патуаат и, откоа се кунуштисале, се прашале, коі откаде ie и каі кье оди, што кье работи и друзи разгоори, како на пат чоек коа да патуат. Во тие разгоори почнал сиромаио да си кажуа алот на старио, оти бил многу сиромаф, имал девет деца и не можел да и изгледа, да и облечи и да и обуе. — „Остаі тоа, старче, му рекол сиромаио, ами да ти кажам, што греф сум ти напраил на кьинисуанье од дома?“ — „Еле, еле, кажи да чуіам, приіателе, му рекол старио, што греф си напраил?“ — „Iac си имаф, старче, една икона от свети Никола во иконостасот и му гореф кандило толкуа години; му се молеф многу, за да ме обогати малце од малце, арно ама ни баре откаі си, отбетѫр по-бетѫр се праеф, а не нешто да напреднам. На маката згора, старче, сум ia вѫрлил во огон и ia изгореф. Сега се пишманам, старче, ама олди битти, стореното не се вракьа. Ете тоа сум ти напраил, старче. Да сега не знам, Госпт како кье ме суди за тоі греф.“ — „Госпот проштаа, приіателе, му рекол старио, тие лугье, што се каіат за грешкьите, што и праат. Арно беше тоа да не го сторевше и да тѫрпеше докраі, чункьи, коі што кье тѫрпи докраі, тоі кье се спаси и душевно и телесно.“ — „Ее, море старче, му рекол сиромаио, вака ми велеше и жената ми, као тебе, да тѫрпам, арно ама iac наі-после расипаф работата и влегоф во греф“. — „Лели се покауаш, приіателе, му рекол старио, Госпот кье те прости и кье те обогати, да си уверен. Само ако идиш со мене на тугьина да оіме и заедно да работиме, да видиш колку пари кье спечалиме. Оти iac сум бил и друзи годинье на тугьина и сум работил со ортаци, та сме спечалиле многу пари; да и со тебе, веруам, да спечалиме, само ако сакаш да доідиш со мене, ортаци да бидиме.“ — „Како да не кьум, бабалѫк, му рекол сиромаио, без друго сакам и во огон да ми речиш да стапам, кье стапам, само и само малце пари да спечалам. И белкьи кье пукни гьаолот, та

кье ми се разработи кѫсметот.“ — „Мошне арно, приіателе, му рекол старио, лели кандиса да идеш со мен ортак, кье видиш, оти кье те благодарам“.

Заортачуікьим се старио и сиромаио по патот, си ошле во некоі грат и почнале некоіа работа многу убаа, та спечалиле многу пари. Дошло времето, да си одат на вильает. Си делиле по наполу парите, што беа спечалиле и си тѫргнале двата пак назат да си идат.

Одеікьи по патот, сиромаио почнал да си мисли во себе и да си вели: „шоана, іас неарно сториф, што му дадоф на стариоф полоіна дел, чункьи тоі ет сам чоек, спроти како што ми кажуаше, сам тоі, а пак іас имам девет деца и жената ми десет, іас еден единаесет. Ние сме единаесет души, како да е во единаесетте души треба да има еден од нас кѫсмет и от нашио кѫсмет треба да спечалифме олкуа пари, а не от стариов кѫсметот ни работел, да спечалиме олкуа пари. Іа чекаі да му речам, да си и пределиме, та да земам іас поекье“. Вака мислеікьи чоекот, дошле до една раскѫрсница, и старио се одбил от пато, за да си оди каі своіо грат.— „Збогум, приіателе, му рекол старио и се одбил от тоі пат, оти мене вамо ми е патот.“ Пооде донекаде сиромаио и не го дотраіа сѫрце, дал вик по старио и го повратил назат. — „Знаиш, старче, што те вратиф, али не знаиш?“ — „Ако ми кажеш, приіателе, му рекол старио, кье знам, а инаку откаі кье знам“. — „Парите, што си и делифме, старче, непрао и делифме, чункьи іас сум единаесет души дома, а ти си една душа, да како да е от единаесет души, што сум іас, кье имам еден кѫсметлиа, што ни работи и спечалифме толкуа пари. Затоа те вратиф, за да ми придаиш малку пари от твоіте“. — „Лели такоф си бил на сѫрце, брату, на ти и сите, ама да знаиш, оти кѫсметот ваш не работеше, за да и спечалиме, ами Госпот ме прати мене, стар свети Никола, за да ти поможам и да те обогатам.“ Му и даде сите пари и си летнал свети Никола на небеси отпред очите на сиромаио. Паднал на земьата и со солзи на очите, се молил на Бога и на свети Никола да го простат за грешкьите, што беше и сторил. Едно оденьe дома и на часот купил една икона со лицето на свети Никола от наі-убаите и дури бил жиф, кандилото му го палел и ката година си го служел. Ете како Госпот забаа, ама не забораа. Арно ама коі може докраі да тѫрпит, тоі и кье добиет дар от Бога и да се обогати и да се спаси.

Отъ сина ми Коста.

---

## 5. Приказки изъ челедния и обществен животъ.

### Смѣшни.

**Отъ Пиротско.**

Записалъ † *К. В. Друмевъ.*

---

### 1.

Іеднӳш іеджн де́да и іедна́ ба́ба се сре́тли по пут, па де́да рекжл на ба́буту:

— Помо́зи Бог, ба́бо!
— У Ма́рини, де́до.
— Помо́зи Бог, бабо!
— Роди́ла іе, де́до.
— Глу́а си, бабо!
— Му́жко іе, де́до.
— Да ти се на . . . . у̑ у̑ши, ба́бо!
— И твоіе́ да е жи́во, каза́ла ба́бата и си заминула.

ньи іеджн поп сжс кобилу и ждребче и онй га питали: „де кажи, попе, чиіа секьйра че изсече горуту?“ А он им рекжл: „па натураите сви секьйре у моіе дисази, па коіа пробиіе да падне — она че изсече горуту“. И онй га послушали, а он тжгаі ка шибне кобилуту си, та дим да га нема, побегжл си. Па на попатога остало надире ждребето, и онй ватили ньега, а іеджн рекжл: „аде сви да си соблечамо дреіете и да гьи натоваримо на ждребето, па ега да га прекьйнемо“. И другьйти станули склон, соблекле си дреіете и натоварили сжс ньи ждребето. Сал іеджн не стел да си соблече дреіете. Па кжга натоварили ждребето, оно сирото прждло и си побегло, и онй изокали по тйіа,¹) што не стел да си соблече дреіете: „те, іедна жилка му се скьиде,²) и ти да беше турил твоіете дреіе, стемо да га прекьйнемо“. Подире онй ишлй, ишлй по пут и видели мжглу у іеджн дол, а они мислили дека е іарина,³) па се сговоре да рипаіу у ньу. Па почели да рипаіу и коі како рипе се и утепа.

## Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### 1. Момчето Андрей, що ѣдѣло много хлѣбъ.

Се оженило едно просто момче и кье одело у деда си на гости. — „Слушаі вамо, домакьине, му рекла невестата на момчето, еве не каниа каі татка на гости за вечер да оиме, арно ама кье те молам, за да не іадиш толку многу леп тамо, како што си го имаш адетот, чункьи іе срамота, ама глеаі ме мене, коа кье запрам, и ти тогаі да заприш и, коа кье ти сторам со ишарет, да му го остаиш лебо на тжрпеза и векье да не іадиш“. Тоа поучение од невестата си младото и будалата момче беше го клало во умот донегде, оти било срамота каі дедото, да іади многу од нинонѳ леп, та, пред да кьинисаат на гости, си наполнил од дома леп пазуите и џебоите, без да го види невестата му, за да му се наіди за тамо да се донаіади, ако остани нешто не донаіаден, чункьи тоа било многу изіасливо, колку за троіца арни мажи што іадат леп, тоа само толкуа іадеше.

Неісе, таргнаа момчето и невестата и си опле на гости вечерта каі деда си. Дошло време за вечера и седнале да вечераат. Іале, што іале, и сите се изнаіале; само зетот не беше се наіал. Сирота невеста се в очи му се пулеше, за некако и тоі да му се опули, за да со ишарет да заприт іаденьето, оти лицето беше іе капнало от срам. Едно беше іе се опулило момчево во невестата и таіа си поткасала долна рилка и му мавнала со глаата, за да се сети и да запри да не іади векье леп, оти било срамота. Веднаш беше се сетило момчето колку за тоа и беше запрело да іади од лебо што било на тжрпезата, се поистаиле по назат от тжрпезата и си послал прет себе кжрпата, та си изваил от џеп и от пазуа от своіо леп, та му легнал да си іади. Во тоа време невестата му не била тука, за да му сторит со ишарет и да го заприт. Таіа вечер била спроти свети Іандреа 29 ноемвриа. И вжрнало еден силен снек. Домакьино, дедо му од момчето, па бил надвор и, гледаікьи снегот, што вжрнел силно, рекол со висок глас: „де, свети Іандреа, гнети, гнети, да нагнети се арно, де да видиме, што кье ни чиниш.“ И чуло момчето тие зборои од деда си и, бидеікьи го викале Іандреа, му се сторило, оти за него рекол дедо му тие зборои, та му дало еден одгоор вакоф: „абре дедо, му рекло, ами ако си гнетам іас леп, од моі леп си гнетам, а не от твоі, што си излегол надвор да викаш, за светот да те чуіат, оти іас сум гнетел многу. Пжрво научи се еднаш арно, да после да викаш, а дедо“. — „Море, не рекоф за тебе,

¹) Този. ²) Скжса. ³) Козина.

бре зе́ту, му ре́кол де́до му, іа́с, ами ре́коф за сне́го, іа́ди си ти ле́п, кої ти го́ запрел лебо". — „Море, ти, а́ дедо, не ме́ лажиш, и́іха́ ко́лку зна́м іа́с!" му ре́кол зето. Коа и чу тие збо́рои си́рота не́веста, у́мре от стра́мота, за́вали!

**Прикажана отъ снаа ми Мария.**

## 2. Печалба съ котка, донесена въ страна, гдѣто не били виждали котки.

Си би́ло е́дно де́те гла́вено при еден тжргоец за слуга. Му рабо́тило е́дна го́дина и на годи́ната му пла́тил тжрго́ецот ру́гата, ко́лку што му чи́нело. Де́тето му и вра́тило па́рите и само три́ пари си задж́ржало и о́тишло покраі река, та и пу́штило во во́дата да види, дали кье про́паднат; е́дно и пу́штало, и му пропа́днале. Дру́гата го́дина па́к така сто́рило и тре́кьа година не му пропа́днале трите́ пари, и тие векье и имало за а́лал. Четвж́ртата го́дина пак оста́нало у тжрго́ецот да му слу́жит. Сто́рил ни́ет тжрго́ецот за да о́дит на па́нагьур. Де́тето му и да́ло трите́ пари, за да му ку́пит нешто сто́ка от па́наир ма́істор му. И зе́л тжрго́ецот трите́ пари и се на́смеал. — „Е, кье ти ку́пам е́дна сви́рка, за триве́ пари от па́нагьур," ре́кол по кротко. Мо́мчето чу́ло тоі збор и не́драго му па́днало. — „Ма́історе, му рекло, те мо́лам и́ мене зе́мими на па́наир, за да ти чи́нам и́змет ба́рем по па́тот". Го при́имал маістор му, и тж́ргнале да о́дат на па́наир. Уште не вле́зени в мо́ре, ви́дело де́тево покра́і море три деца, ка́і те́паат е́дно ма́ченце; му се нажа́лило и поса́кало за да го о́ткьинит от де́цата, а́рно ама де́цата не слу́шале него́ата молба, ами са́кале да го оте́паат. Наі-после и помо́лило со по е́дна па́ра и го отки́нало и си го зе́ло та си о́шло при маісто́ра си. Вле́гле во гьемиіа и си тж́ргнале по́ море со гьеми́іата да пли́ват. О́деле доне́каде в мо́ре, и се кре́нале го́леми та́лази (бура голема), та іа зате́рала гьеми́іата без пат и іа оте́рала до не́коіа а́да (о́стров), іа вж́рзале гьеми́іата на кра́іот и и́злегле во а́дата, и ѝ пречека́ле лу́гето от а́дата, та и зе́ле на ве́чера во не́коіа ку́кьа. Ве́черта, каі што би́ле тжрго́ецот и де́тето, на́дошле от села́ните на му́абет. Ста́виле да вече́рат и му да́ле на се́кого по еден ста́н в ра́ка и му ре́кле: да се бра́нат, оти кье излезат мно́гу глу́вци, та кье му гра́баат ле́бот отпре́д нив. Ко́га чу́ де́тето, о́ти та́ка, о́тиде та си го зе́де ма́чето от диса́гьите и си го дж́ржало в ра́це го́тоо, за кога кье и́злезат глу́фците. Едно ста́виле ле́бот на тж́рпеза, и наизлегле глувци от ду́пкьите е́дно чу́до, и ве́днаш де́тето го пу́штило ма́чето, та ко́га и гра́бнало глу́вците да и да́ви, спи́скале, тре́штиле на бе́ганье, кої ка́і му о́чи та́мо му гла́а, поло́іната ту́ку ре́чи и́ изда́вило и друзите се и́скриле по ду́пкьите. Ко́га ви́доа села́ните, о́ти мачо́рчето то́лку му би́ло іу́нак, сите се зачу́диіа и му́ се мо́лиіа, да му го про́даит де́тето. Ко́га ви́де тжрго́ецот, оти мачо́рчето на тоа ме́сто би́ло мно́гу тре́бно, му ре́кол на лу́гьето: „е́ бре лугье, ко́лку и́льади кье да́ите, за да ви го да́ам ова ма́чорче, да ви и со́трит си́те глувци и да куртули́сате от глу́вчои ма́кьи?" — „Ко́лку са́каш, кье ти да́іме, са́мо, а́ман те мо́лиме, да ни го даиш тж́рговче," му ре́кле села́ните. Му да́доа па́ри отко́лку што не́ кьеа, и си оти́доа на па́наир, каі што му бе́ше ни́етот на чо́екот. Ко́лку што зе́де сто́ка ма́істор му, ву́две зе́де ка́лвата и се сто́рило го́лем тж́ргоец. Ете а́лал па́ри, како се мно́жат.

# 6. Прѣдания за лица и мѣста.

## Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### 1. Планината Зѳндѳлбѳгъ.

Зе́ндел-бек планината ет гра́нка[1]) от Шар-Пла́нина и помегьу пла́нина Би́стра. От гр. Го́стивар, каі што со́нце о́греват, два саа́та скраіа и́мат. На вжрв плани́ната Зендел-бек има е́дно е́зеро, баегьи го́лемо, еден са́ат горе-долу има да го о́пколиш о́колу наоколу. На кра́іот от плани́ната и́мат едно село, што го ви́каат Вру́ток, до тоа село и́мат мно́гу и́звори, што изви́раат наблизу, на́близу и си́те и́звори се ме́шаат, та се пра́ит на ре́ка, и етаа гла́ата на Ва́рдар. За тие и́звори се прика́жуат, о́ти изви́раат от езе́рото, што іе на плани́ната Зендел-бек. За да се у́верит чо́ек, е́ве како кажу́аат ста́рци: не́кое вре́ме и́мало не́коі о́вчар, што па́сел тугьи́ овци и бра́ви и беше му паднал ка́вало во езе́рото, та беше му про́паднал во е́ден сви́ок вна́тре. Дру́гьиот ден беше пра́ла жена́та му от о́вчарот на изво́рите, и туку беше и́зврел (излегол) ка́валот от е́ден и́звор, и си го зе́ла до́ма, без да го зна́ит, чи́ іет. По една не́дела дни сле́гол о́вчарот в село на про́мена и си го ви́дел ка́валот на по́лица, іа пра́шал жена́та си, каі го́ нашла, и, откоа му ка́жала, оти от изво́рите и́зврел, се за́чудил тоі, кога чул от жена́та си тоа. Кога си о́тишол каі о́вците, іе на́рачал на жена́та си у́трото, да по́ідит каі и́зворот, да че́кат не́што, што кье и́ пратит, да́ли кье и́злези от и́зворот. Заклал е́ден браф и го и́секол на че́реци, та го вжрлил во езе́рото, и беше му и́злегле чере́ците на и́зворо, та бе́ше си и зе́ла жена́та му до́ма. Откоа се на́учил о́вчарот, оти излегу́ало ме́сото тамо, мно́гу брави беше и пу́штил. Дури беше се на́учил сто́пан му и беше го о́тепал, та беше го пу́штил во езе́рото, да си го пре́чека жена́та му. И ви́стина едно у́тро беше си го доче́кала и си го до́несла до́ма, та беше си го зако́пала.

### 2. Прѣдание за Богоневското ѳзеро.

До селото Богонево (Тетоско) има едно езеро, големо около 3—4 гуменьа. Се прикажуа от старците на селото и туку-речи от сите тетофчани за еден офчар, што пасел 4—5 ильади офци од некоі кьаіа.

От с. Богонево до с. Рахче има 7—8 саати место и е пот Скопье. До селото Рахче извират еден голем извор и се праи една баегьи големка вода, та се меша во Вардар донекаде. Офчарот, што и пасел офците, си имал два кавала, та по погрешка му паднале во езерото и му се удаиле во вители, што се виел во езерото. Е, паднале, паднале, не можел да и изваи, и се удаиле. Откоа му паднале кавалите, по некоі ден се погодила жената му на офчарот да пери алишта близу до изворот, и туку и излегле кавалите од извор како некоі водни змии шарени, и си и ватила, да си и донесла дома и си и клала на полица, без да знаи, оти се од момчето е офчарицата. По две, три недели си дошол офчарко дома на промена и, кога гледат обата кавала на полица, и зема в рака, и позна, оти се негоі. — „Мори, откаі и наіде каваливе, мори жено, овіе сет моите кавали, што ми пропаднаа во езерото Богоевско,“ рекол. — „Каі што переф до изворот, ми извреа, домакьине, му рекла, како некоі змии и си и ватиф.“ — „Бре, каі изворот, чекаі лели било така, е рекол, іас другьи ден

[1]) Клонъ.

кье ти пратам еден браф заклан, сошиен, да чекаш, ако излези, земи си го и однеси си го дома; по два дни, па друк кье ти пратам, да се обогатиме барем.“ — „Арно, домакьине, му рекла жената му, іас секоі два дни, кье одам каі изворо и кье чекам“. Откоа си и вжрзале збороите офчарот и офчарицата, си отишол офчарот во офци и заклал еден наі-пжрф браф; го очистил убао и го сошил во кожата, та го пуштил во езерото и батисал внатре. Переікьи си офчарицата гьоа алишта, и туку е изврел браот от изворот и си го ватила, та си го однесла дома; по два дни пак друк браф. Заклал од наі-баш, го сошил во кожата и го пуштил во езерото, а офчарицата си го чекала и си го зела.

На двете недели си дошол офчаро на промена и кога се уверил, оти сите брави, што и пуштил во езерото, е дошле на жената му, много кьефо му се сторил и откоа си отиде во офци, пак пушта брави, се калеши (вакли) и угьичи и іалоіци. Дошол еднаш кьаіата каі офците, да си и види, и забележал, оти му и нема наі-башо офците. Го прашал офчарот: „абре офчарко, каму го големиіо угьич? Каму го калешио? Камо и и фильан брави, и фильан іалоіци?“ — „Коі знаі, кьаіа, што се сториа, можи волкот да и изел, или во езерово можи да пропаднале,“ му рекол офчарот, како уплашен. Сетил кьаіата, оти офчарот и сотрел толку убаи и наі-дебели брави и откоа іа замавнал глаата, му легнал по траго да го вати во луко. Си отишол за тогаі и нокьта му дошол каі офците, та се скрил во некоі расье и го видел, коа заклал еден браф и го пуштил во езерото. Тжрчница му отишол тамо и го грабнал за врат, та го кутнал да го коли него, или да му кажи, за коі себеп и пуштал бравите во езерото. На зордо згора му искажал себепо от кавалите, што и нашол дома и после пуштал брави на жената си, и таіа и чекала на два дни на изворот от с. Рахче и си и носела дома. Коа чу кьаіата тоа нешто од офчаро, го грабнал за врат и го кутнал, та го заклал и го сошил во една кожа од еден браф и го вжрлил во езерото, тамам кога требало за да го дочека офчарицата, а пак тоі іавнал коньа и отишол во Рахча, та застанал каі изворот, и туку излегол от извор офчаро, сошиен во кожата, — „Іа чекаі, офчарице, да видам, што имат зашиено во кожата?“ Кога чула офчарицата тоі збор от кьаіта, баегьи беше се уплашила и никако не можела да му откажи, да не види, што има во кожата, „и докьинал гьаоло опинците,“ што рекол некоі, и остаила да види. Изваил ножо кьаіата и расекол сициміте, што беше шиена кожата, и туку беше се видел офчарот на место браот. Кога го видела пуста офчарица мажа си заклан наместо браф, сплускала со раце, списнала да плачи, што е гжрло течи, пискаі и куби си косите, сирота, пискаі се и пишти, штото е гжрло течи. Кога чуіа селаните писканьето од офчарицата, дотжрчаа мало, големо каі изворо да види, што се стори, дали се удаи некоі чоек, дали нешто друго има сторено. Кога го видоа офчаро удаен, се зачудиіа, како да се удаи во изворот, Сите го пожалаа и го плакаа за пжрф пат, дури не беа разбрале работата На тоа згора почнал кьаіата да му кажуа на селаните, како била работата, со пжрво, како му пропаднале кавалите во езерото на офчаро, како и нашла офчарицата со пжрво, и како и видел офчаро на полица, коа си дошол дома на промена, и после како почнал да коли брави и да и шие во кожи, та да и пушта во езерото, и да и чека офчарицата и да си и носи дома, да се обогатат. Одеікьи во офци, забележал наі-пжрвите брави да му и нема и, откоа беше го потсетил од збороите, оти тоі и украл бравите, се скрил и го видел кога заклал еден браф и го пуштил во езерото. На тоа згора го ватил и сакал да го заколит, та му кажал се со рет, како била отпжрвин работата и му кажал сам како праел; го кутнал и го заклал, та го вжрлил во езерото на место браф, за да го дочека офчарицата и за вистина беше го дочекала. — „Ете вака би оваа работа, му рекол кьаіата на селаните, бракьа селани, со вашиоф офчар. Сега, ако имам кабаат, судете ме и бесете ме.“ — „Што сторил,

нашол, кьаіа, му рекле селаните, ти никакоф кабает немаш.“ На тоа згора го кренале офчарот и го однесле дома му, кога што да видат тамо — цела табаана от кожи и купои волна, со куп мжрши, солени за пастжрма! Сите го поплукаа и іазжкларолсун му рекоа, при се́ што беше заклан и умрен офчарот, дека да бил арамиа.

*Забѣл.* Спроти ова предание имат и за изворот от Вардар, каі што извира: истото се прикажуа за кавал и офчар.

И за езерото, што е згора на планината Пелистер, до гр. Битола се прикажуа за еден офчар, што му паднал кавало и му излегол во изворот, што извира во Владоо на буката от воденицата, и го нашол татко му, та коа дошол на промена офчаро, си го нашол на полица, и от тоі себеп почнал да коли брави и да и пуштат во езерото, и татко му да и вакьа на буката от воденицата. Наі-после го сетил кьаіата и го заклал, та го пуштил во езерото и, наместо браф да си начека татко му, си начека сина си заклан.

## 3. Прѣдание за планината Плетварска (Прилѣпско).

Во пештера, каі што е Дуоа вода, некоаш влегол еден жрт по некоі заіак и се изгубил внатре. По некоа недела бил ловџиіата во Солун краі море и туку му излегол жрто од море, и си го зел со себе. Оттоа се уверил ловџиіата, оти жрто си дошол от Дуоа по вода се под земи дури во Солунско море.

## 4. Прѣдание за манастира Заумъ.

За Орицкото езеро се велело от стари лугье, оти дно немало. Мнозина лугье го мериле да му видат длабочината, колкава му іе, и секоі, што мерил, кажал колку аршини іе длабоко. Некоа жена [1]) (едни велет, оти некоа царица била) и таіа отишла да го̀ мерит, колку е длабоко; мереікьи го баш во средето, како да сакаше езерото да іа откажи таа жена от таа севда, да не го мери, оти не кье можи краі да наіди на длабочината, тикьи откаі што си било езерото тифко и мирно, туку беше се дигнале едни талази, колку едни планинье и е го дигнале каико (чуно) на жената, и почнал каико да се готви да се удаи; бре джрж дуіменџите дуімено, бре крепи, гьоа да не се удаи, арно ама „со глаа ѕит не се турка,“ што рекле. На тоі страф от жената, паднала на коленица и почнала да се моли на Бога и да му таксуа, да напраи еден манастир таму, каде што кье іа избави от улаото езеро. Штом си таксала да напраи манастир, и почнале талазите да се смалуаат, и полека лека излегол каико на брего, та се куртулисала жената и тие, што беа во каико. — „Е, уште еднаш за ум нека ми биди ова, му рекла на каикчиите, што доідов да го мерам езерово.“ Велеікьи така жената, и веднаш беше заповедала да се напраит на истото место еден манастир и го кжрстила (или име на храмо му клала) „Заум,“ демек от големио страф, што видела таіа, го нарекла манастиро така да гледа во него и да паметуа, оти кье се удаела. Не само за неа така гледа и да се чуа да не влегуа во езерото, ами за секоі чоек, што кье одел тамо. Ова предание сите Оричьани го знаат. [2])

## 5. Прѣдание за Охридското и Пелистерското езеро и Марковата стерна.

Местото, каі што е денеска Орицкото езеро, во старо време било поле со наі-убаи ливагье.

Близу до градо Орит имало едно изворче, многу длабоко и напраено како бунар со капак одозгора, да се заклопуа како некоа кутиа, што да нема влакно откаі да излези, нити да влези внатре. Градо Орит бил како некое

---

[1]) От еден друк оричанец се научиф, оти жената, што го мерила, три години време се́ прела предено и со тоа предено го мерила езерето и пак не го домерила и дно не нашла.

[2]) Ср. Миладиновъ, 527. Вж. и Сбм. IX, 579. *Ред.*

село, и, бидеікьи немало во градо ни чешма, ни па бунар, си леале вода от изворчето орицкьите жени; секоа жена, што кье залеала вода от изворчето, требало убао да го затвори капако. Не оти за да стои чис изворо, ами еден насиет, што му бил остаен на жените и на мажите от дедо, предедо, да го затвораат изворот, оти, ако него затвораат, кье избжрзни водата и кье му го удаи сето поле, можи би и селото. Знаеікьи оричани тоі стар насиет, со голем мукает го отворале и го затворале изворот, чункьи сите веруале, оти, ако го остаат отворен капако, кье избжрзни водата, и за вистина тоа и нашло. „От што се страшиш и се плашаш, тоа кье те наіди," што рекле стари, да тоа и нашло и компиите, наши оричани. Се нашла една глупаа невеста, што си залеала една вечер вода и од мжрза, али от будалштина незина не го затворила изворот со капакот. Штом се нашол изворот со отворен капак, и си изврел изворот от устината надвор, та си текол, текол целата нокь и се исполнило сето поле: станало цело блато. Кога се обзорило, отишле жени да си леат вода и што да видат — сето поле се удаило од водата от изворчето, и не могле векье да се приберат да си залеат от изворчето вода, ами си залеале откраі. Бараа, тражиа, коіа беше таа жена, што го остаи изворчето отворено, и іа нашле, коіа невеста била, ама што да іе напраат, олди бити, тоа векье се стори и не можело да се отстори. Од ден на ден растела водата, растела, дури се сторило цело езеро, како што го гледаме и денеска, што е наі-големо езеро.

Ете како знаеле старите оричанци, оти требало да се затнуа изворчето, за да не изври и потопи полето. Како Ангел да беше му кажуал на старите, што му забрануеле на младите, да го затиньаат изворчето, за да не и удаи некоаш.

Ете како се праи голем іангжн от една искра, кога не се чинат лугьето мукает.

Зер само орицкьите старци знаат за езерото! Ами битолскьите старци, зер не знаат да прикажуаат за езерцето, што е на планината Пелистер, оти кье доіди саатот, што кье се пушти, и Битола кье іа удаи со семати поле. Сите битолчани тоа нешто го знаат и, коа да си го наумат во некоі муабет, косата му се накрева от страф, за коа кье се пушти езерцето от Пелистер. Ами моіте стари зер не се плашат от стерна, што іа праил Марко Крале пот Маркоі кули и што іа затнал водата со не знам колку арари со бубакь и коани со брукье, колку еден аршин големи, та іа затнал водата, и го куртулисал прилепското поле, да не стани како Орицкото езеро. При се́ што е здраво затната стерна, пак народот во Прилеп се бои, дане нешто се пушти стерна и се удаи градо со полето.

## 6. Прѣдание за извора на р. Църна.

Старците от селата на Железничка-Река (Битолско) знаат за изворот от реката Цжрна, оти е затната со безброі руна волна, да се запри да не течи, арно, ама не можеле да го затнат да не течи ич, како стерната наша. При се́ што него затнала сиот, пак велат берикьаверсжн, што го затнале да не извират, како тогаі што се полнело сето поле Битолцко. (Санким сега не е удаено полуіната поле Битолцко от реката Цжрна, де!).

## 7. Прѣдание за селото Крапа.

Селото Крапа се наогьа на запат от гр. Прилеп, околу 6—7 саати на една планина. Селото іе на рамно место и іе опколено сето село со сето поле од едни планинкьи. От горнио краі на синоро от селото извират една вода и претечуа по срет поле до краіо на синоро. Каі што истечуа

реката, има едни дупчишта во едни камчишта; тамо слегуа водата на дното от планината, чункьи немат од ниедна страна да истекуат от високьите планинье, што се околу наоколу синоро селцкьи. Многу пати се затнале дупчиштата, каі што влегуа водата, со дӕрвьа и каменье, и водата кье се вракьа по поле. Штом видат селаните, оти се затнале дупчиштата, кье се зберат и кье поідат да и отнат, оти, ако не и отнат, кье и потопи реката со се село и поле, и може да стане пак едно езеро, како што било некоаш во старо време сето поле Крапско езеро, како што се прикажуа от стари и от нишаните от самото место, каі била водата и каі што претекуала, коа не биле тие дупчишта, што пропагьа водата сега.

Поп Божин от с. Крапа ми прикажуал за ова нечто и ме уверуаше, оти во тоа Крапско езеро имало и риби крапои, да от тоа му се нарекло името Крапа. Водата, што влегуа во дупчишта, вӕрвела и нис планината от с. Слепченска и низ друга. Да влезиш во Змеоец (во змеоина, дупка), се слуша каі што пагьа водата от планината наудолу и бучит, та излегуа пот планината до селото и от таа вода мелат воденици.

## 8. Прѣдание за бора край с. Дивово (Битолско).

Селото Диово е пот Пелистерската планина. Близу до селото имат еден бор. Никоі не знаел от колку години е стар. Тоі бор бил никнат от едно дете симиџиче, што продало тамо симиди во старо време.

Еве како ми прикажуал еден селанин от истото село една вечер на Винцкьи ан во Битола прет 10—15 години: симиџичето, како што продаало симиди, вӕрвело тамо, каі што е боро, и клекнало да шета, та се избришало со еден симит и за чудо големо, симидо му ватил очите, што рекле стари, та си умрело на часот, и на местото си го закопале селаните. На годината му никал борот от гробот и растил, како што и порастил; што гранкьи от тоі бор сет, како рака чоечка с отворени пӕрсти. Како да му кажуат на лугьето со рака, да не направат таквaa грешка со леп, али симит, како што направило тоа и умрело без дена. Селаните се пазат от тоі бор, да не се додӕрнат од него, а не гранка да пресечат. Секоі со криво око го гледат, и секое видуанье него, се кье си намислат за симиџичето, што грешило и поганило симидот. — „Да от ваквие грешкьи, што се сториле на лугье, треба да се чисти лебо, приiателе моі“, ми рече старио диофчанец.

## 9. Запустѣлото село Заполжани (Прилѣпско).

От грáдо Прúлеп кога да óдиш во сéло Лéништа, óтдесно до сéлото Лéништа úмаше éдно сéло, што се вúкаше Запóлжани; тоа Запóлжани е сега векье Лéништа. Запóлжани е расúпано от тýрците по сéбеп от éден áрап. Чýнкьи во стáро време óколу Запóлжани и Тóпташ било обрáснато со гóлема кóриа, от тáiа кóрна úма мнóгу стáри кýкьи напрáени ý нас. Арно áма сéга нéма нúти éдно дӕрвце за сéнка, бáрем зá еден чóек да сéднит. Бидеікьи úмало во стáро врéме гóлема кóриіа, чéсто óделе тýрци нá лоф и обóр-дóбор[1]) кье му се врáтеле во сéлото Запóлжани, та кье му іáделе и пúіале, кóлку кье му фтасýало. Имало и éден áрап, што му се врáкьал в сéло и му прáел гóлем зýлум, дури нáі-после на чéста сáкал да му стáпит на нéкоіа домáкьинка. На тóа згóра, го óтепал домáкьинот и го вӕ́рлил во едни тӕ́рскьи крáі сéлото, каі што úмало мáлце вóда, како блáтенце. Го скрúл тáмо и нúкому нúшто. По нéколку дни, се пóбарал áрапот от тýрците, арно ама кóі кому му го дáл, да го сáкат. Еден дéн си úделе некóлцина турци óт лов со ӕ́ртите и загáрите

---

[1]) Често, често.

и, вжрве́iкьим краi тж́рскьите, го надушиле зага́рите и го на́шле а́рапот, вж́рлен та́мо, ту́рците. Коi би, што́ би, запо́лжанци го у́биле и та́мо го скри́ле. Налу́тени от тоа ту́рците, праф и пе́пел го сто́риа се́лото и исте́пале неко́лщина бу́гари, дури му се сто́ри кьео́т. Сиро́маси запо́лжанци, каi му очи, та́мо му гла́а, беа се распж́рснале от тоi пу́сти стра́ф. По вре́ме по́сле, се созбору́але заполжанци и си го напра́иле се́лото во ни́вьето, што са́деа лен, и му да́доа дру́го и́ме на ме́стото (Ле́ниште) и сега така се ви́кат се́лото Ле́ништа, а села́ните лени́штани, наме́сто запо́лжанци. Во ме́стото Запо́лжани и́мат цжрквиште, у́ште коа си било се́лото, има са́мо гра́гор ка́менье; и́мат и гро́бишта ста́ри, што се викаат заполженцкьи. Ре́ката, што те́чит покраi тоа́ место. уште iа ви́каме Заполжка́ река, и ме́стото, ка́ко ни́вье и па́сиште, се ви́кат За́полжко, при се́ што е от се́лото Ле́ниште, и треба да се вика Ле́нишко, а́рно ама ста́рото име не́ можи да се изгуби. На ви́стина колку за ими́ньата от ме́стата у́ нас се многу по ме́ста и по се́ла. Леништа от местото дека сеале лен му е даено. А пак се́лото Оре́оец, от ореи што и́мало и у́ште и́мат. Село Пештерица от пештери. Сел Дабница от дабье. Село За́град от зад градо што е. Село Се́нокос от сено, с. Вжрбьани от вжрби, с. Кадино от кадиа или от чат, с. Волкоо от волк. Ете така сите села и места у́ нас си носат името на ме́стото, даено от нашите дедовци и преде́довци по бугарцкьи. По некои села и места многу ретко се кжрстени от турците.

---

## 7. Басни (аполози).

### Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### Магарето и самарджията.

Во старо време гьоа зборуале и магариньата, како лугьето, тикьи се собирале многу пати наедно и мезлич си праеле. Во едно собрание еднашка беа отфориле збор за самарџиата, што му и праел самарите. — „Слушаiте, бре бракьа, рекло едно от магариньата, што ми текна, за да ви кажам (сите беа навжртеле долзите́ уши каi тоа магаре, за да слушает, што кье му кажи), iас велам, оти од нас по-лоши и по-таксиратлии не кье имат; ама за опто кье речите? Наi-тешкьи тоари ние и носиме и наi-лошата рана нам ни се дава от стопаните, да iа iадиме. Потребало земiа да носи некоi от стопаните, бжрго тоарете го магарето; му потребало на некого песок да си донеси од река, од нас кье земи некоi и кье не тоари, дур збираат кутиите али санджците, али кошеите, ама оти пе́сокта била жива вода водена, ич не му пишуат[1]) на тоi што те тоарат, тоi туку кье си фжрла со лопатата, дури берат санджчиньата. Се погодуаат некоi лугье за сеир да гледаат, коа тоарат некоi песок на некое од нас, и му велат на тоарачот: „море, доста вжрга песок, бре чоече, оти е водена, да многу кье му тежит на магарето и садна[2]) кье му отфориш.“ — „Море, магаре така се тоара, да садна, мадна, што сака нека отвора, от тоа тоа не пцоiсуа“. Не саде за тоа така ни праат, бре бракьа, ами за се́ нешто. Вие сами знаiте, како ве тоараат, што да ви редам iас едно по едно и да ве забаам.“ — „Колку за тоа, братко, така си е, као што кажа, му рекло друго едно магаре, ич не жалаат стопаните, коа да не тоараат; проклетите джрвари па, откоа кье не тоарат со наi-тежок тоар ф планина, кье ни клаат и неколку цепеници фседелье (панагон) и тераi по патот, што да можи, ама ти

---

[1]) Не го е грижа. [2]) Рани, които отваря самарътъ.

се виткаш от пустио самар, што ти[1] лежи на плешкьите и ти отфорил садна. тоі не кьи да те знаит, само те тепат по-газо,[2] со пустото вастагарче и те карат и те колни, за пците да те іадат и волците. Ете вака, бракьа бре. Да сега мислете, како да се бара некоі краі, за и́ ниіе да поживеіме на овоі век малце по-раат." — „За да поживеіме и́ ниіе по́-раат, бракьа, рекло трекьо магаре, треба да молиме Бога три дни и три нокьи, за Госпот да го умрит самарџиата, што ни и праи самарите, за да нема коі да праи самари, и да куртулисаме от тешкьите тоари и от пустите садна. Ха́, што велите, бракьа? Арно велам, али лошо? От моленье Бога, за да умри самарџиата, друго нам не́ пери, ильа моленье Бога, три дни и три нокье да се молиме, да ако ни послуша Госпот молитвата, као што ви велам, да ни го умрит Госпот самарџиата, без друго кье се куртулисаме от тешкьите тоари и от садната". Откоа го ислушаа тоа магаре друзите магаринья, сите беа го пофалиле и брао беа му рекле, оти му ватил умо тоа нешто да кажи. Беа се раскакале, беа се разрипале, туку така пеплишта беа се накревале от рипаньето и скакьньето. Откоа беа се уталожиле малку, беа ти клекнале на колеництi и почнале да викаат и Бога да молат, за да му го умри самарџиата. Во тоа време едно старо магаре беше се истаило баегьи скраіа от сите магаринья и беше си легнало во едно пеплиште и почнало да се пжрпелат; и пжрпелаікьи се, от зорт што му идело коа се превжртуало, тикьи и ти пжрдело, со опроштение. Коа му чуле пжрдешкьите друзите магаринья, се опулиле каі него и коа го виделе, на чудо беше станале и дале вик по него. — „А бре старо недугао и не разбрано, а бре, сега наіде да се пжрпелаш и да пжрдиш, тамам коа сме во молитва, пту бре, бестрамнику, а бре, што не доідиш вамо и ти да молиш Бога, за Госпот да го умри самарџиата, и да куртулисаме от садната, ами ми се пжрпелаш тамо, и ни баре откаіси. Зер само ниіе да се молиме, и ти на готоо да се куртулисаш от садната"? му рекле. Коа и чуло тие зборои старото магаре от друзите магаринья, рипнало на нозэ и му рекло: „тешко и горко на умот, што го носите, море магаринья! Ама оти кье речите! Ами ако се молите Бога, за да умри тоі самарџиа, ами лели друк кье има, бре будали, а па другьио самарџиа, што кье ни и праит самарите и кье ни затегнуа садната, тоі не кье знаит, како што знаит овоі, што го имаме досега. Разбрафте сега што ви кажаф, али не разбрафте? Наместо да се молите на Бога, да ни умри самарџиата, што ни затегнуа садната, молете се, да ни е жиф, бре, за да ни праи самарите и да ни оптегнуа садната, да а́ко си имаме по две, три садна на плекьите. Оти со друк самарџиа, по тринаасе кье имаме и па малце кье ни бидат, знаите, али не знаите?" Кога чуіа тие зборои магариньата, от старото магаре, сите се увериа, оти е така, и се наведиа да се молат, за да му е жиф тоі самарџиа, што му и праел самарите дотогаі. При се́ што се сите магаринья будали, арно ама и во ниф се наогьа по некое итро за да и научи, да не грешават.

Еден друк прикажуач ми іа прикажуал оваа приказна малку по-инаку. Еве како: Откоа му се смачило на магариньата от тешкьите работи, се собрале на некое место за да си плачат алот и да бараат некоі краі. Зедоа, дадоа зборои. Еден едно рекло, друг друго, никако не можеле да доідат во еден збор, за да наідат некоі краі за раат да живеат. Наіпосле едно старо магаре му текнало и му кажало на друзите магаринья, одошто му била наіголемата мака; наі-големата мака му била от самарџиата, му рекол. Коа го чуле тоі збор друзите магаринья от старото магаре, сите поверуале и мунасип нашле, за да го удаат самарџиата во некоа река. На часо отишле до една река, за да видат, али е длабока, за да го удаат. Во истото време дошле стопоните и и забрале магариньата, та си и отерале дома и на работа. Ете от тоі себеп магариньата, коа да прегазуат некоа река, кье се мочаат в река, за да се наголемеит раката, — за да можи да го удаит самарџиата. И магариньата праат како пците, што се душат каі носо и каі газо, за да го бараат верманот, што кье го носеа каі царо и му се удаи в река. Да коа кье го наідат пците вермано, тогаі кье го удаат и магариньата самарџиата.

# 8. Приказки фантастически и смѣшни.

## Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

### Полза отъ знание, картоиграньe и свиреньe.

Во еден грат имало еден търгоец. Търгоецот си имал само еден син. Син му от богатио бил многу итър. От што бил итър сé сакал да научи, арно ама татко му не го остаал да се учи ни на книга, ни на некоа свирка. Тамам кьe земел книга в раце да пеит, или некоа свирка да засвири, веднаш татко му кьe го спашкал. — „Море, книгата леп не ти дава, бре синко, му велел, и свирката. Работа, работа, работа тебе ти треба. Разбра, али не разбра?“ Се едно вака го пашкал богатио сина си и не го остаал да се учи за ништо. Во тоа време се отворил еден панаир, и богатио го пуштил сина си на панаир да купуа стока. Арно ама тоі не купил стока, ами отишол на даскал да се учи книга. Бидеікьи имал голема севда за ученьe, во бърго време се научил турли бе турли книга. Турли бе турли писмо можеше да пиши. Откога се научи книга, си отишол дома без никаква стока. Со голема лутина го пречека татко му.—„Каму стока, бре синко, му рекол, и за ошто се забаи толкуа време? Али се наіде со непечалени пари на тугьина и си и зел“. — „Овоі рет стока не купиф, татко, му рекол син му, оти купиф ум и разум. Да ако сум жиф, дореда кьe купам.“ — „Еее, чекаі коньу до зелена трева. Толкуа пари сега и запусти, да дореда кьe си и спечалиш!“ му рекол татко му и го арнисал. Дошло време пак да се отвори панаирот и му дал пари татко му на синот, та го пуштил на панаир по стока, ама со големи порачуалкьи, заплаштуалкьи да не и изеит парите. Ошол син му от богатио на панаир и наместо стока да бара да купуат, избарал едни чалгаџи, што свиреа со кьеманиньа. И се еклеисал при ниф да се учи кьемане. Во малце време беше се научил да свири кьемане, ильада пати от маісторите, што го учеа, по-арно, чункьи имал голема дарба, да учи чалгьиа и друзи наукьи. Вистина се научи кьемане син му от богатио, ама и паричкьите сите си и изел и си отишол дома бес стока. Кога го виде татко му бес стока, ифрат[1]) беше са сторил, од лутина. Го суди, го кара, арно ама маіка му излегла іарджмџиа и па го смири. Дошло времето пак се отфорил панаирот, и син му от богатио го помолил татка си да му даит трекьи пат пари, да оди на панаир по стока, да ако му и изгубит и тие пари, него нека го продаит и да си и земит парите. Му се тоарила и жената му на богатио, за да му даит пари уште еднаш. — „Многу ми се тоараш и ти, жено, іе рекол, да му даам пари, ама ако и изгубит, без друго кьe го продаам и сина ти и кьe си и земам парите, без да го жалам, оти еден син имам; чункьи парите се по-мили и от син, и от татко, и от маіка Не моі после, жено, да се сърдиш и кабает да ми наогьаш.“ — „Саде даі му ти, домакьине, да што сакаш, тоа праі му,“ му рекла жената му. На тоа згора изваил пари и му дал, та го испратил па панаир. Одеікьи на панаир, търгнал да шета по чаршиа, да гледа, што стока да купи. Шетаікьи, се уморил и се вратил во едно каве да се напие едно каве. Кога видел, едни каі играле со книги комар. Се прибрал до ниф и вързил мерак да се научи да игра комар. Кога му се курдисал, ти играл, ти играл, вистина сите пари и запустил, арно ама па се научил да биди страшен комарџиа, што да не може никоі да го ендисат. Откоа го научил и тоі занаат, си отишол дома при татка си пак бес стока и бес пари. Кога го виде татко му пак бес стока, толку многу што беше

[1]) Отрова.

се налутил, што змиа да го каснеше, змиата кье се отруеше од него. Го суди, го пусти, оти да му и запусти сите пари и да го остаи сиромаф, да биди.

На тоа згора, го грабнал за рака, да го носи ф чаршиа, да го продаат. Се расплакала жената му, да не го продаа, оти кoi кье чуе, што кье речи, онцица си продаде сина си. Арно ама богатио ни жената си іа слушал, што го молила, ни сина си, што му се таксуал да му и спечали парите сто катои поекье. Го повел по себе и го изнесол на тельал чаршиа да го продаат. — „Хеее, слушаіте вамо, лугье, викал тѫргоецот, син ми изеде толкуа пари, за толку го продаам, кoi го сака, нека го купи“. Така викал богатио, а пак син му викал инаку. — „Хеее, лугье, слушаіте вамо, вистина татко ми ме продаа, ама кoi кье ме земи, пишман кье биди, и кoi не кье ме земи, па пишман кье биди“. Мнозина муштерии беше се завaтиле да го купуаат, арно ама, слушаікьи тоі збор: пишман кoi кье го земи, и не се удирале на пазар да го купа. Имало некоі богаташ, доіден от царцкьио грат во тоі грат, и застанал да слуша каі што го продаал богатио сина си за толкуа пари. Слушуаікьи зборот от син му на богатио, кoi кье го купел, пишман кье бидел, се гьибнал[1]) богатио іабанџиа и се заинатил, та го купил и да види, оти не се плаши од едно кьоле, му наброіал парите на татка му и му го зел синот. — „Не купуаі ме, чорбаџи, му велел, оти пишман кье бидиш; не купуаі ме, чорбаџи, оти кье се пишманиш.“ Арно ама богатио бил толкуа богат, што пѫрф рицаџиа при цара бил. И малку инатчиа бил, тикьи не слушал, што му се фалил син му от богатио со пишманлѫко.—„Кье ти кажам іас, пишман што кье бидам, да те пратам дома, гуськите да ми и пасиш, да áко бидам пишман,“ му велел богатио и го предал на гавазо, што одел по него, да го однесат на конак, каі што седел.

Вечерта напишал една книга до жената си и во писмото му пишал вака: „слушаі вамо, моіа домакьинко, ова момче, што ти го пракьам, го купиф за толкуа, пари за да ни биди кьоле. Да му и даиш гуськите да и пасит, и по еднаш на ден леп да му даваш. Во гускарницата да лежит. Него да го тераш, алето да го фѫрлат. Со една реч, сите работи наі-тешкьи и наі-гнасни него да го тераш, да и праи. По еден месец іас си идам, и кажи му на царо, со топои да ме пречекаат.“ Го внесол во една гьемиа и му го дал писмото на гьемиџиіата, та го испратил дома.

Во гьемиіата имало многу патници и почнале да си играат со книги, отпѫрвин со кончина. Почнале после по пет пари и наі-после іа завaтиле со помногу пари комар да играат. Бельá сет тие проклети папази, дури да се заигра чоек, да после колаі не можи да се остаи. Во таіа играчка се смешал и гьемиџиіата. Арно ама гьемиџиіата немал маривет во играньето комар, тикьи му уттисале сите пари, што имал, и до наі-после му іа уттисале и гьемиіата. Го тѫргна на страна момчето гьемиџиіата и му посака неколку пари да игра тоа за него. Му дал некоа пара, уште што имал гьемиџиіата, и почнал да игра со комарџиите. Ами лели знаи син му от богатио маривет за тоіа пусти комар, едно беше се завaтил да играт и во еден саат сé му уттисал и му и предал на гьемиџиіата.—„Еве сé кье ти даам, приіателе, му рекол син му от богатио, твое да биди, само да ми го даиш писмото што ти го даде чорбаџиіата, што ме купи мене за кьоле. Откоа кье го видам, па кье ти го даам“. На часот гьемиџиіата му го дал писмото со голема благодарнос. Откога го зел писмото отишол во некоі кьош и го óтворил, та го препеал и видел, што пишуал внатре. Зел една книга и напишал едно друго со истото писмо негоо, ама истото векье било писмото, ни земи ни даі. Во писмото му пишал вака: „слушаі вамо, моіа мила домакьинко, едно кье го пеиш писмово, што ти го пракьам со ова момче, умно и разумно, от наі-богата фамилиа од оваі грат, сум го дексал да го сторам домазет за милата ни кьерка. Едно иденье при вас милио ни зет,

[1]) Докачилъ се.

кье го облечиш во наі-скапи алишта, пжрстено моі со наі-убаите џеваири кье му го даиш и да викниш владиката, та да го венчаш со кьерка ни. Да іас, коа кье си доідам, царцка свадба кье напраиме. Да се чуди мало, големо, дека сме зеле таквоо умно и разумно момче, што нема во краі земьа. Немоі домакьинко да преступиш од ова, што ти го пишуам, и да го насжрдиш момчето, оти после џуап не можиш да ми даиш". Напишуаікьи в ка писмото, го здиплил, како што беше здиплено, и го муурлеисал, та му го дал на гьемиџиіата.

Дошле во царцкьио грат и го зел гьемиџиіата со себе син му од богатио, да го предал на чорбаџиіцата заедно со писмото. Едно отвораньe писмото и кога го прeпеале, на чудо беше станале, за дека му пишал така, арно ама зборо назат ич бидуа да му се врати на тоі чорбаџиа? На часот го промениле син му от богатио со наі-убаи алишта како за зет, исто іа променила кьерка е, та викнала владиката и и венчала. Му дала клучеите от маазите, от санджците и го сториле цел домакьин. Седеікьи едно утро во пжрвата одаіа син му от богатио на пенџера, го видел царот каі седи на пенџере и́ тоі, да си пие наргьуле. — „Іа чекаі да посвирам едно мане со кьеманено, си рекол сам со себе, да ме чуе царо и да се почуди." Кога тжргна прачката, брате мило, да свири, секоі што чул, застанал да слуша и се забораил да си оди по работата. А пак царот баелдисал от сладина на мането, што свирел. Откоа заптисал свиреньето син му от богатио, царо пратил да го викни при него, да му посвири. До тогаі царо не беше чул таквоо убао свирење. Утро, вечер, се го викал да му свири. Толку го замилуал царо, што пжрф риџал до него го зел. Од ортома чоек пуштал, от што го милуал царот.

На месецо тжргнал богатио да си иди дома. Идеікьи, пратил писмо дома и до царо, оти си идел. Бидеікьи бил многу големџиа, се сакал да се пжрчит и да се фалит, дека го честел царот, со топои да се пречекуа. — „Еі момче, му рекол царо, еве дедо ти каі си иди и ми пишуат да го пречекам со топои, чункьи него го имаф наі-пжрф при мене, а пак от сега тебе кье те имам пжрф при мене". — „Веруам, честити царе, му рекол син му от богатио, оти мене ме милуаш поекье, ильа кье те молам, за да му кажиш на деда ми, оти мене ме милуаш поекье, да не му вжрлаш топои, кога кье идит дедо ми". — „Пекьи, приіателе, му рекол царо, еве за атжр кье заповедам, да не се фжрлаат топои". На тоа згора фтасал богатио на скьеле и чекал топоі да фжрлат, немало. Виде, оти царо не го почестил и бидеікьи беше многу сербес, от скьеле прао отишол каі царо, како дауџиа. Влегол при царот, и царо не му рекол да седни, чункьи зет му до царо седел. Кога виде богатио, оти не го почести царо, му се поклони и како устрамен си отишол дома. — „Шоона, кое кье беше тоа момче, што седеше до царо, си велел само со себе богатио? Ми прилегаше како кьолето, што го купиф. Ако е тоа, големо чудо и приказна кье биди. Іас да го купам за кьоле, а тоа да стани господар и да седи до царо. Спроти како што не вжрли царо топои и не ми рече седни, треба тоа да е. Спроти како што велеше: „пишман кье биди тоі, што кье ме купи," пак треба да е тоа. Арно, еве тоа да е, ами како можи во еден месец време да се сприіатели со царот толку? Аі дома кога кье си поідам, сета работа кье іа научам." Со тие мисли чорбаџиіата си отишол дома, и едно влегол ф порта, го пречекала жената му со кьерка му, та му се поклонила до земи кьерка му спроти адето и посегнала да го бакни во образ и после рака. Кога іа виде чорбаџиіата кьерка си, напраена невеста, на големо чудо беше станал и му притекнало, оти кьолето треба да му курдисал таа лага. — „Мори, да би Госпот ти платил, жено, іе рекол богатио, што си іа напраила кьерка ти невеста? Коі беше тоі пес, што те излага и за резил те напраи тебе и мене?" — „Іа земи писмото, што ми го прати по гьемиџіата, за едно со момчето му рекла. Іа пеі го да видиш, што си ми пишал во писмото, домакьине!" Го зел писмото и го отпеал. Кога го пеа, се чуди, се чуди, се чуди и се пречуди како да пиши така, чункьи тоі пишал за момчето да

биди гускар, а не домазет. Го гледат писмото, истото било негоо, нити едно слово немало менето. Се чудил, чудил и се уверил на зборот от син му на богатио, што велеше: „пишман кье биди, коі кье ме земи и пишман кье биди, коі не кье ме земи.“ — „Вака іас не ти пишаф, жено, и рекол богатио, за да му іа даиш кьерка ми на ова момче, ами ти пишаф да го напраиш гускар и наі-тешката работа да го тераш да работи, арно ама домашнио есап не излегуал чаршиа. Наі-после, ашколсун кье му речам на зетоф, што го сторифте, што можел до овде да іа дотера оваа работа. Кога го купуаф от татка му, жено, момчево ми рече, оти пишман кье бидам, ако го купам, и пишман, ако не го купам“. Така ми рече, арно, ама іас бидеікьи малце инаетчиа, го купиф како на инат, да видам, заошто кье сум се пишманил и заошто не кье се пишманам. Ете вистина како што велеше, така излезе. Пишман сум, што го купиф, и те излага тебе да го сториш зет, а пак пишман не сум, оти сториф еден такоф ербап зет, што да седи до царо и да има по-голема чес од мене. Аіде, кьерко, ела да ме бакниш во образ. се свжрте откаі кьерка си, и бакни ми рака, да ти речам аирлиа. И запрегнете се да праиме свадба, за секоі, што да чуе, да прикажуа и за зето, и за свадбата“. Во тие зборои, фтасал зето откаі царо дома и едно влегол ф кукьи, рипнал богатио и го бакнал ф чело, та му почестил. Тек лакжрдиа не му рекол, оти како напраи, што напраи, што му іа зел кьерка му. Исто и тоі (зето) не му кажал како стори, што му іа зел.

На тоа згора, пратил син му од богатио по татка си и по маіка си, да си доідат и тие при него, да после да праат свадба. Едно земанье абер татко му и маіка му, оти станал домазет при наі-пжрвио богат и му отишле. „Еі бре татко, виде, оти іас спечалиф ильада пати поекье пари, отколку што ми даде ти?“ му рекол. — „Видоф, видоф, синко, му рекол татко му, да си ми благосоен и векоит. Те молам, синко, да ми простиш, што те продадоф.“ — „Простено и благосоено, татко, нека биди од мене и од Бога. Ич іас за тоа нема да ти се сжрдам, чункьи знам, оти секое зло, што му иди на чоека, му иди за негоата добрина“.

На тоа згора курдисаа свадба царцка, цел месец, што іа праіа. И си живееа со сите убаиньe, и со голема чес и слава беа.

**Прикажана отъ татка ми.**

## Отъ Софийско.

**Записалъ *Д. Вукадиновъ.***

## Краль Петъръ.

**„Што и́ма гла́ва да ви́ди, че го ви́ди.“**

Іедно́ вре́ме има́ло іеди́н краль, и́мето му било́ краль Пе́тжр. Па он има́л си чивли́к, ете́ држжа́л орачлж́к и си има́л іеди́н а́рен конь. Па се́кьи ден іа́хне си ко́ньо и и́де на чивли́ко, та си пра́ви расхо́дка; като́ кра́ль, да́л му Го́спот си́чко, не́ма зжщто́ да се гри́жи. Іеднж́ш, като́ отива́л кжде́ чивли́ко, на пж́то има́ло іедно место ма́лку издú́гнато, та като минува́л покре́ не́го, не́што му окна́ло, като ни́земи: „краль Пе́тре! што и́ма прес глава да ти ми́не, ка́жи, кога́ са́каш да го ви́диш: у мла́дос или́ на ста́рос!“ Он се почуди́л: „кикво́ ли че даіе това́ сега́! Зжщто́ ми тека́ о́ка!“ продума́л си сами́чжк. Разгледа́л о́коле, не́ма ни́што, он си замина́л. Іу́тре па като́ мина́л покре́ това́ ме́сто, па́к му о́кне: „краль Пе́тре! што и́ма през гла́ва да ти ми́не, ка́жи, кога́ са́каш да ти до́іде: у мла́дос или на ста́рос!“ Он пак разгле́да о́коле, разгле́да — не́ма ни́коі. Ма́ікьа, што че́ да іа́ това́! Та дне́ска те́ка́, іу́тре тека́, кога́ зами́не, се му ока́ло, а он ни́кому не казува́л и се чуди́л, кико́ да му отгово́ри. Іеднж́ш пак му окна́ло, он ве́че не може́л да траіе и преказа́л на жена́ си, кральи́цата:

ние ги качихме на едната талига да си додем заедно, а тие го сфалиха от талигата, закараха го в една гора и го вржзаа за едно држво да умре от глат, а мен заклеа да не казвам на никуму за това, сега като го намерих жиф, искам да са венчеа за него". Царьа, като чул това, много са іедосал, казал та погубиле гулемите му синове, благословил малкиа си син, оженил го за царската джштерьа, дал му половината от царството си, и, кугато умрьал, зел и другата половина. Тоі бил многу добар цар. И досега оште приказват за него.

Слушана отъ Прокопи попъ Ивановъ въ с. Стрѣлча.

## 9. Пословици.

### Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.* *)

#### 1. Хвалба и самохвалство.

Ако ме видиш уште іеднаш, два пати да се стори[1]).
Ако ме видиш уште іеднаш, да ме пишиш.
Ако сум стар, сам си и носам годиньето.
Ама чоек, ама стока, чоек, чоек и полоіна.
Ако іе богат, да што? за себе си іе богат.
Ако зинам, кье те голтнам.[2])
Ама си го бара кьотеко, де!
Арнаутино му се фали, ама фишеко го жали.
Ама што кумаш чоек іет, векье не ти треба.[3])
Ако іе тоі по-іак, ти биди по-бжрс.
Ако имаш пари, секоі за татко те сака.
„Аферим, бре каурче", турцкьи аферими.
Ако іе іунак, нека излези на ок мегдан.[4])
Ама мене не кьум да ми прода чалжм.[5])
Ами што дека има, му дал некому пет пари, да му речи: Бог да прости.
Ама аман іас нему да му речам, алаасжнджк.
Ама колку се вали, да знаиш, од егьупка сто пати поекье.
Ако ти се вали, ништо не праи.
Ашколсун на чоештината, што іа има[6]).
Бафчанџилжк — џеваирџилжк.
Брат сум ти, ама и врак сум ти[7])
Без илье чоек.
Белкьи и іас кье речам: Ристос воскресе[8])
Бело да дебело.
Билкьи, коренкьи сака да му продаа.[9])

*) Вж. Сб. XII.
[1]) Му се вали іедин на друг, за уште еднаш лицето да не му го види.
[2]) Му се вали со некоі збори, ако прогоори, кье го запусти.
[3]) Іеден му вали некоі чоек, оти бил арен, а пак друг му го куди.
[4]) Му го валит некоі некога, оти знаел нешто, а другьио не му веруа дури не види.
[5]) Не кьи да му го вали.
[6]) Немал никакфа чоештина; или: имал чоештина: на двата зборoa се вели.
[7]) Му се вали, ако му стори добро, добро кье му стори; ако му стори лошо, лошо кье му стори.
[8]) Се вали ва да се обогати.
[9]) Не кьи да му се вали.

Бог да го прости, тоі што не гости.
Бог іалджци му удри.[1])
Ваа турцката вера, угу сака да се тера. От тиквешкьите турци.
Влаф дилми, се́ туку се фали,
Владиката можи да го пречека.[2])
Владика не іе, што се големее.
Ветжр го веит, роса го росит.[3])
Видете ме кої сум, на пжртжкьека.[4])
Видете го сите, оти кье го сера пците.
Вода не кье му даи, ако го клаи в река.
Гладуам, жедуам, гол, бос одам и на честа си стоіам.
Глаа од рамена дава, а от фалбата не са остаа.
Голем, голем, носо да му падни, не си го вакьа.
Да издивни татко и маіка, клетва челатта и вакьа, а не да проколни.
Да не стори ниет чоек, да не се обогати.
Денеска се сторил господар, утре гоедар.
Доста има іудино железо.[5])
Доіде пролет, женцкьи довлет, или:
Доіде іесен, маш іе бесен.
Друга маіка не родила такоф іунак.
Дури е жиф чоек, се пари ет.
Джрш ме, маіко, оти се пострaф.[6])
Іедна пченица, како гулап да іа блуіал имал.
Іеден глас што има, како од ангел.
Іеден глас што има, како от билбуль.
Іеден глас што има, како некоіа камбана.
Іеден глас што имаше, дури ѕунеше.
Іедни волои, како некої ангьели.
Іедно дете има, едно око, или: тоа у маіка, тоа у татка.
Іегьуптин му стори сефте, затоа доби.
Іерфене кьотек кье му удри, дека му се вали.
Іеднаш кье умри, затоа се вали: што сака, нека биди.
Жена не сум, да дома да седам.
За пет пари не го гледа.
За една аспра цжрвена не го есапи.
За толку и на татка кье го продаи.
За пари мої, што сакам праам.
Здравье и добро іади и пие.
Земи си парите, и паран кадар соіле.
Зер дека има брада, да итжр сака да се кажи.
Зер цжрвени іаіца кье ми серит.[7])
Зер гжрчка му іе глаата, што не разбира.
Зер водата от празо кье ми іа врати.
Зборот нему му іе сенет.
Имам брашно, имам сештo.
И тоі от збор разбира, ако е големциа.

---

[1]) Со голема фалба го лажит.
[2]) Се вали, оти знаи многу.
[3]) Се вали, и фалбата му іе на ветжр.
[4]) Се вали со големштилжк.
[5]) Многу пари има.
[6]) Се валит, без да іе за валенье.
[7]) Му го валат некого некому, а тоі не сака да му го фалат.

Имат, затоа дава; ако нема кур кье ми дава.*)
И буо го знаи тоа, што го знаи тоі.
И маіка знаи зелник да праи, ама ако има мас и брашно.

Е текнало на іедна іегьупка да меси іеден зелник, да си го наіади галеното си дете.—„Е, бре синче, знаиш оти мама ти кье ми ти меси іеден зелник," му рекла? — „Знам, мамо, му рекло детето, знам". — „Коа кье испитам троа брашно, му рекла, и да посакам троа мас, кье си соберам троа коприви, тикьи кье посакам една тепсиа от комшиив, викьи коа кье месам един зелник со едни виткьи, така толкаи (со раката му покажала), тикьи после іадиси синче, зелник, іади си". — „Е, е, маіка коа кье скжршам от витката, и рекло на маіка си детето, така толкаф комат, тикьи после везден кье си іадам". — „Како се кжршело толкаф комат, бре магаре?" му рекла маіка му и му удрила една шлаканица по уста, што да можи, дури кржф от забити беше му протекла. Писна дете да плачи и да се тагуа. Чул іегьуптино от сокак плачот от галеното си дете и тжрчаница влегол ф кукьи, да види што му сé стори на детето. Откоа разбра заошто го тепала іегьупката, изваил камшикот от сильао и іе легнал да іа суди и да іа тепа со камшико. — „Оти не ми го остааш детето да ми іади зелник, мори магарице, xá? Еве затебе што треба!" Така вели іегьуптино и удра со камшико. Писнала іегьупката да плачи, што е гжрло течи; од друга страна детето писнало. На тоа згора дотжрчале комшиите и коа се научиле заошто се тепаат, се скьинале от смеа и му рекле: „абре іегьупци, вие направифте како приказната: нероден Петко, капа му купифте." И одваі ги смириле.

И іас се слагам едно парче домакьин.
Имаш пари, мажо ти іе во кофчего.[1])
Како на куче му помина.[2])
Како на копанка ранет.[3])
Катниците или катните заби кье му и изваит.
Како Струга нема друга.
Како некоа веда помина.[4])
Како некоі смок помина.[5])
Камен по глаа кье му даит.
Кадиіата го усудуа.[6])
Како што му сжрце сакаше, така и Госпот му даде.
Кравите зер му се отелиа[7]).
Коа не му иди од рака, не треба да се нафакьа.
Како баба со два заба, се вели, леблебии да іади.

Іедна баба нашла одна леблебиа на земи и іа зела, та си а клала в уста и цел ден іа џвакала на двата заба. Бабата имала две снаи и іа сториле, оти іади леблебии. — „Ах никаквицана една, си веделе помегьу себе, цел ден каі іади леблебии. Чекаі вечер, коа кье доідат синоите, да и прашаме, али тие

---

*) Както въ толкова други случаи, така и въ глаголнитѣ форми на Цѣпенковитѣ материали нѣма пълна послѣдователность, но редакцията не е още, за жалость, въ състояние, да поправи всички Цѣпенкови, може би и не вѣрни, показания. — *Ред.*

[1]) Вдоица жена, што и остаил мажат многу пари, не кье да се мажи, чункьи парите и се наместо маш.
[2]) Се фали, оти бжрго му оздравела некоа болес или друго нешто.
[3]) Се фали, оти се згоіал.
[4]) Се вали за бжрзина.
[5]) Се вали іунак.
[6]) Се вали за ништо.
[7]) Се вали за ербап.

му и купиле леблебиите, што и iади везден". Iедно иденье бракьата вечерта и на часот и запашкале за старата. — „Така знаите вие, домакьини, му рекле двете како на лутина, на старата да му купуате леблебии, цел ден да си iади, а нам ни камен по глаа не ни купуате". Коа чула бабата таа клевета, се ф чудо видела и му рекла: „не земаiте и синоите на душа, снаи моi, оти iе греота, чункьи iас си наiдоф една леблебиа на земи от сабаiле и цел ден каi iа џвакам на двата заба и пак евеа цела, каi ми стои в уста, ако не веруате, еве а, видетеа". Му iа изваила од уста и му iа показала и застрамила снаи си.

Кье му свети масло.[1])
Кье iа расипи калимерата.[2])
Кье го бæрка, дури iе жиф.
Кье го научи, ако го клаи в рака.
Кье си го наiди дури од него.[3])
Кье му и намести коскьите.[4])
Кье ти донеси от девет рекьи води.[5])
Кье му напраи сæрце[6]).
Кье пита и кье се рани, ама нему не му се моли.
Колку iе стар, толку iе и млат[7]).
„Коi, бре? Коньо твоi, бре."
„Коi, бре"? — „Коiче от Коньари, бре".
Коа кье запееше, дури лелееше.
Колку што го сака тоi, толку Госпо него; или: толку и да биди.
Колку што го сака, толку гьаоло очи да има.
Колку iе фалопæрдло[8]).
Колку за една кокошка ум нема.
Коа кье порастам, коса кье кубам.[9])
Коа кье има комшиiата, и iас кье имам.
Курвино копиле е, затоа толку се вали.
Кучка што варди три булуци офци[10]).
Лафо не му го стори, дека му се вали.
Легнал како бек; легнал како некоi паша.
Мачка Госпо не iет да го вати за очи.
Маiка му кье му iа расплачи, ако го вати.
Макьедонци — итри момци.
Макьедонци — гнили конци.
Маш ми е; ако сакам, и владика си го праам.

Си биле iедна жена и iеден маш многу сиромаси. Думале, шестале, мажо и жената, како iет како, да си наiдат некоi краi, да не бидат толку сиромаси. И текнало на жената iеден маривет да напраи. Купила iеден кат руба попоска от тельал чаршиа и го зела мажа е, та го однесла по селата, за поп да биди во некое сало. И за кæсмет, нашла едно село, та го главила да попуа, при

[1]) Му се вали да го тепа или да го отепа.
[2]) Кье се скарат.
[3]) Му се вали, да го бие.
[4]) Му се вали, да го бие.
[5]) Му се вали од мерата надвор.
[6]) Кье го бие.
[7]) Колку е стар и толку е умен.
[8]) Многу се фали, се на лага.
[9]) Кога кье му падни, кье му плати.
[10]) Жена многу ербап.

се́ што не знаел книга. Му се курдисаа во селото поп и попадиа. Іаденье, пиенье, дестур имале. Асли како што бараа.

Поминало многу време, и дошол владиката ф село, да и види рисьаните како живеат бес поп. И собрал во една кукьа сите селани и му нарачал за ф цæрква сите да доідат. Родено, што имаат да донесат да му кæрсти, умрено да му пеит и да и причестит.—„Колку за ф цæрква, кье доідиме, света владико, му рекле, а за родено, умрено и причестуанье, нам попо ни іа видуаа таа работа.“ Кога чул владиката таіа работа, се зачудил, откаі нашле поп, што си зеле. Го викнал попо при себе да го испита, откаде іе и коі го напраил поп. Му се преставил попо пред владиката и му сторил една метаниа, та му бакнал рака. — „Откаі си ти, бре попе, го прашал владиката, и коі те попопил?“ — „От фильан село сум, света владико, му рекол, и жената ми ме попопила.“ Кога му чу владиката тие збори от попо, на чудо стана, како можи една жена да праи поп. На часо іа викнал жената му и іа прашал, дали е вистина тоа, што вели мажот іе. Откоа се увери от жената, оти таіа го напраила поп, без да знаи книга, исв икал со лутина и е рекол: „како можиш ти, мори жено да го праиш поп мажа ти?“ — „Маш ми е, света владико, му рекла, затоа можам поп да го напраам, ако сакам и владика го праам.“ Кога чул тоі збор владиката, закьутел и сам со себе си рекол: „во іедно село слепи, іеден со едно око и води“.

Маркоо колено іе¹).
Мене не ми гори чергата²).
Море іеднаш влезе ф клапа, да уште еднаш нема да влези.
Му клал лубеницата под газо³).
Мутлак кье му даит, нека сошие ново кьесе⁴).
Мæртоф кье се посери, ако го вати⁵).
Навæрзуалкьи свето не кьат⁶).
На секоіа манџа и мирудиа се чини.
Наіде цæркфа да се кæрсти⁷).
На малото пæрсте, не можи да му се вати.
На ден велигден іе роден⁸),
На магаре кье го фкачи, ако се вали⁹).
На тепсиа оро кье го игра¹⁰).
На гьаоло ветфа му дава¹¹).
На високо седи, ама ниско пеи¹²).
На гол гас таламбас¹³).
На гьаало дупката му іа знаи¹⁴).
На кьекьерум заико¹⁵).
Не треба дæрчка да разбери, лели разбрал тоі.

---

¹) Се вали со пиенье и со друго іунасто.
²) Се радуа, оти друг зиіани.
³) Се вали, оти го слизнал во некоа работа.
⁴) Нема да му дават.
⁵) Кье го бие до смæрт.
⁶) Празни фалби не кьат свето.
⁷) Нему валбите само не му вакьаат место.
⁸) Богат ет и се вали от друзи.
⁹) Кье го страми, дека се вали на лага.
¹⁰) По судеи кье го носи.
¹¹) Многу се вали, оти е итæр.
¹²) Ако се вали, ама да не биди растурач.
¹³) Се вали гьоо има, ами ич си нема.
¹⁴) Се вали, оти итæр е.
¹⁵) Се вали со алиштата убаи, дека носи.

Не туку смждри, толку де[1]).
Не паднал на маістор; или: не паднал на тесла да се делка.
Непара[2]) е докжрстен.
Нека го дупни гьаоло, да кье му го гледаш ало[3])
Не іет евреин, затоа не се плашит.
Не го наіде влао, удри на сакмата.
Нека го викаат воівода, да ако от гладос кье умира.
Не креваі се на големо, да не паднит на колено.
Не бoі се, бре, алахкьерим.

Некоі чоек бил многу борчлиа на мнозина лугье: рисьани, іевреи и на іеден турчин, што го викале Кьерим. Коа кье паднел со лугье на муабет борчлиата, за како кье се живеи со кьесати и скапиа, тоі секому му се валел и му велел: „небоі се, бе, алах кьерим“.

Со денеска, со утре, дошло вадето от сенето от Кьерима и откоа почекал Кьерим да му однеси мамелето и да му препраи сенето борчлиіата, не му однесол, се дигнал сам тоі, да му поіди дома. Влегол Кьерим со коньо во двор. Во истото време имало іеден чоек каі борчлиата, и си праеле муабет. Велеикьи му: „алах кьерим“ на приіатело, приіатело со пжрво го видел Кьерима и му рекол: „море, арно ми велиш, приіателе, алах кьерим, іа погледаі во дворон, да го видиш Кьерима.“ Кога го чу борчліиата чоекот, оти рече: „види го Кьерима“ и се опули во двор, змиіа го изеде.

*Заб.* Како се распраиа, борчліиата и Кьерим, не знаеше дъ ми кажи тоі, што ми іа кажуаше оваа приказничка.

Не си го нашол маісторо[4]).
От кога кье му излези преку перче, што ваіде?
Од многу валенье, го качиа на бесно джрво[5]).
Окото мое познаа.
Опнато мажиште.
Оро таратинцко кье му игра, ако го клаи в рака[6]).
Пари давам, оро играм.
Парите се от топо по-силни.
Плати му, оти платно на лицето кье му стани.
Па и кжрлежо кье се вали[7]).
Потплашам те Богдан паша[8]). Па и пжрдло кье се вали.
Речи му аго, да му е драго[9]). Тиквешка.
Скапи му се збороите, бре.
Стамбол да изгори, Букуреш го праи; Букуреш да изгорит, Стамбол не можи да го напраи.
Саде тамо петело не му пеи, или: коньо не му игра[10]).
Стапо има два краіа[11]).
Село вали, во грат седи.
Силна вода бжрго претечуа[12]).

---

[1]) Се вали, со лаги.
[2]) Непара е како што се вали.
[3]) Ако напраи некое лошо, и тие кье му напраат по-лошо.
[4]) Му се вали еден па други, оти ништо нема, што да му стори.
[5]) От многу валенье, се кабардисал от мерата надвор.
[6]) Кье го игра во суд или друзи некоі работи.
[7]) Скжржаио се вали.
[8]) Го плаши, ама не му се боі.
[9]) Креваі го на големо, да ако не е за креванье.
[10]) При се што се вали, ама не го слушаат
[11]) Му се вали еден на друг и другьио му се вали.
[12]) Коі се вали, не пали.

Се надул како некоіа гаіда Тильанцка[1]).
Сиромав ако се наіади леп, кье го вати Бога за очи.
Со алтжн да го тжргаш[2]).
Со него никоі не може да си го мери[3]).
Со пари не се купуа[4]).
Сермиа нема две пари и пак се вали.
Сурдисуа како некоі паша.
Ушите си и сечам, ако не се научам.
Ушите си и сечам и чул кье одам, ако не іе, іас како што велам.
Уште іеден нема како него[5]).
Чалжм продаа[6]).
Умирам, ама од ако кье му доідам.
Тоі, коа кье речи, не одречуа.
Се вали, оти кье се турчит: ако сака, нека се іевреит.
Іаз бугарска глаа имам, коа велам не одвелуам.
Со татка си се вали[7]).
Туку си пльампа, или: туку си тропа како некоа празна воденица.
Колку што кье ме удри, толку да биди.
Со клешти збор не му се вади, многу темерук іет.
Орлои нокти да има, не можи да му го земи.
Како бег на душек си поминуа.
За дете рагьанье колаі, за гледанье іе мака[8])
Не оти чинел лакжрдии со Бога, да знаи као биди.

Іеден цар имал іеден дервиш покраі себе, што знаіел, што праи Госпо и друзи работи на векоф. Му текнало еднаш на царо да посака іеден чоек от патрико, да се борат со дервишо. Коа чул патрико тоі збор, многу на гаіле паднал. Се, каі што одел, замислен одел. Пуштал измекьаро да го свика мезличо, да му кажи патрико, што чоек сака царо, и за фчас го собрал. Му кажал патрико, што чоек сака царо; арно ама никоі одговор не можел на тоі збор да му даи. Коа виде измекьаро от патрико, оти не можат краі да наідат за такоф чоек, му се моли на патрико и на мезличо, не го да го пуштат, џуап да му даи на дервишо. Іок бидуа, іок не бидуа, наі-после го пуштиа. Оденье измекьаро каі царо и се ставиле со дервишо, за да се лажат.

Со пжрво дервишо почнал да му праи со ишарет со раката, со растворени пжрсти наугоре, како да излегуа нешто од земи. А пак измекьарот от патрико и́ тоі така му напреи со пжрстите одозгора наудолу, мислеікьи си, оти дервишо сака да кажи вари некоа тенџере, и тоі му клавал капако. „Е, бре каурче, го прашал дервишо, што сакам да ти кажам со раката?“ — „Знам іас, што сакаш да кажиш, му рекол измекьаро, ама ти кажи си твоето, іас кье си кажам моето“. — „Іас ти кажаф, оти се́ што се рагьа од земи от Бога іе,“ му рекол дервишо. — „Вистина тоа сакаше да кажиш, дервиш баба, му рекол, а пак іас ти кажаф, оти ако Госпо не пушти дош одозгора, нема да порасти берикьетот“. Коа чу тоа нешто царо, браос му рече на измекьарот от патрико. Посакал дервишо млеко и леп и му даде на измекьаро, да дроби и тоі леп во млекото. Дробеікьи измекьаро леп, си и праел мошне мали за-

---

[1]) Кабардисуа како некоі мисир.
[2]) Се вали арнио чоек.
[3]) Се вали арнио чоек.
[4]) Се вали арнио чоек.
[5]) Се вали за іунак.
[6]) Се куди, оти се вали без да іе вреден.
[7]) Се куди, оти се вали со татка си.
[8]) Се вали да вати некоі занаат, без да го знаи.

лазите и си и броел. Тамам посжркале по пет шес лаіци и му вели дервишо на измекьаро: „знаиш, каурче, оти Госпо сега іади леп и млеко?“ — „Ни іаз знам, ни ти знаиш, дервиш баба,“ му рекол измекьаро и го удрил со лаіцата по рака. — „Заошто мааш, бре каурче, му рекол дервишо, што ти сториф, іа кажи ми да чуіам?“ — „Како што ми стори, бре дервиш баба, му рекол измекьеро, кога ми и іадиш залазите моі, ти залазите не знаиш кої се тфоі да си и іадиш, да кье знаиш Госпо, што іади“. Кога чу царо и тоі збор од измекьаро, ашколсун му рекол и голем бакшиш му дал, а пак дервишо го истерал, суруклеме.

## 2. Желания.

Ако се продаваа табиетите од луґьето со пари, секоі кье си купеше.
Акрано си го наіде, спорет како што сакаше.
Бог да те чуа, ама и ти да се чуаш да сакаш.
Во огон се фжрли, само да му угоди.
Го милуат векье од мерата надвор.
Ем болна, ем трудна, ем па душа сака.
Жена, анка (турчинка), гуска, паіка, се́ сакаат да се капат.
Каі се родило пилето, си праи седелцето.
Коі оди на лоф, на бжрго, на Велигден не кье іади месо.
Кучка, што варди 300 офци, умират и волк не припуштат.
Маістор дури не укради кьутуче и терзиа камуфче, не се благодарни на ґьунлуците.
Момче со мустакьи, мома со боскьи, лесно не се учат.
Моіо збор во устата твоіа.
Множина, кога сакат да іа праат некоа манџа, іа кье е пресолат, іа не кье іа досолат.

Во іедна селцка кукьа шиел іеден терзиа во зимно време краі огон. Во таа кукьа имало 6—7 жени. Беа клале іеден гжрнец граф, да се вари и, откоа прифтасал — да се вади од огно, потребно било да се тури сол во грао. Дошла іедна од невестите, турила іедна рака сол. По малку време дошла друга и таа турила іедна рака сол. И така сите седум туриле по една рака сол, без да се прашаат іедна со друга, дали туриле сол. Коа виде терзиата, оти рет немало во таа кьукьа, станал откаі што седел и зел іедна рака сол, та и тоі турил во грао. Ставиле да ручаат и іедно сжркнал от грао старио, што бил во кукьата, сетил, оти сите жени туриле во грао сол и почнал да му се смеит на жените и да му вели со смеа: „мори жени, мори домакьинкьи, іас као го глеам граоф непара досолен: уште терзиава сол не турил во него,“ — „И іас туриф, чорбаџи, и іас, рекол терзиіата, коа видоф, оти сите жени туриа, чункьи чинеф, да не такоф адет имате во вашава кукьа“. Коа чуіа и видоа тоа нешто жените, умреа от срамота, наі-поекье от терзиіата, дека кье и прикажуа по селата.

Наіди му зглобо, удриму ножо[1]).
На слепото пиле, Госпо седелото му го праи[2]).
Не одил на училиште, ами се научил поекье од мена.
Цар се стори, пак не се благодари.
Іаз го остаам тутунот, арно ама тоі не ме остаат.

---

[1]) Ако сакаш со некого да се спріателиш или друго, времето да му го бараш, кога му е, а не кога годе.

[2]) Сиромаф коа се надева на Бога, Госпо му помага.

## 3. Развратъ.

Ако іе мома, нека си седи дома.
Ако клукаш на тугьа порта, кье ти клукаат и на твоіата.
Ако се кжрсти цел ден пред икона, пак си е таіа оросниа.
Баба се сторила и от курварсто рака не тжрга.
Вати да му мжрда опашката, (да курвуа).
Душман іе за пари арџенье по лоши работи. (по курви).
Да іе барем некоіа лична, аіде де, ама таіа како некоа гьупка.
Е мжрда опашката, затоа тжрчаат пците по неа.
Ем болна, ем трудна, ем па душа сака (сака да курвуа).
Женкар е многу. (Курварин).
Жени кье бара, желкьи да го опоіат околу врато.
Жена, што оди по комшии, здрава дома не си иди.
Земпаре чоек (курварин).
За неа маш не се наіде[1]).
Му влегол гьаоло в гакьи[2])
Маіка е такфаа беше[3]).
На мажа е честа му скжрши[4]).
На лице светица, а на сжрце цела курва.
На баньарцка врата сакат да го закопат[5]).
На курва курва кье и продаа[6]).
Ороспу-оллиа си іе, или курвино копиле.
Показала си Неда Мевмеда, а себе си не гледа[7]).
Се кжрши како некоіа ченгьиа[8]).
Си легна на брашното, откоа се жени[9]).
Сите жени се негои; сите мажи се незини.
Сама си рассипа децата[10]).
Уште со пците не ошла[11]).
Уште мжрсулите не можи да си и обриши, кье се жени.
Умрен да е чоек, таіа кье гледа да го согреши[12]).
Упне си іе, Госпо да го прости[13]).

## 4. Безгрижность.

Ако сака веко нека изгори, тоі ни баре откаі си.
Влакно не кьи да падни на него, ако нема пипер в очи.
Гаіле зер кье бери, дека нема што да іади.
Десет пари нема ф кьесе и пак вузло не се даа.[14])
Едно заглаа ватил, друго за опашка.[15])
Мажо вели: „даі Боже работа,“ а жената: „даі мажу пари“.[16])

---

[1]) Курва бидеікьи, мажите си и остава.
[2]) Тжргнала како кучка по пци да бара.
[3]) И маіка іе курва и кьерка іе.
[4]) Курва битеікьи, мажа си го бесчести.
[5]) От што многу што іе курварин, така му вела на светот.
[6]) Се вали некоі со курварство на некоі многу по курварин од него.
[7]) Некоі вели за некого, оти іе курварин, а не се гледа себе си, оти іе бетжр.
[8]) Од одот се познаа, оти іе курва
[9]) Откоа се оженил, се арнисал от курварството.
[10]) Бидеікьи маіката развратена, и децата се развратиле.
[11]) Со коі маш фтасала, со него ошла.
[12]) На какоф сака чоек да биди, кье му се кажуа да іе курва.
[13]) Маш или дете што се курвуа.
[14]) Не бери гаіле, оти іе сиромаф.
[15]) Едно оти не го довжршил, друго ватил, тоі не кьи да знаи.
[16]) Како што бери гаіле мажо, не бери жената.

Му кьиниса работата, алаверсжн, као на рако.
Нему лели не му плачи, заошто кье работи?[1])
Расипи кале, напраі але, ич бидуат?
Риба сака да вакьа и ич да не се натопи.[2])
Си лежи на брашното, ич ни баре откаі си.[3])
Сурпет чоек брате, ич ни баре сака да знаи, оти селото кье изгори.
Такоф беше и татко му, ич гаіле не береше.
Туку сеит и не месит.[4])

## 5. Пъргавость.

Биди бжрс терзиа, оти кье продааш ильада игли за пара.
Бодни кобила си іе, не ацет.[5])
Голема работа вати и ич не му се бои.
Гологлаф работи и око не му трепнуа.
Високо тоараі, ама ниско пеі.[6])
Види си ноктите, да не го урочиш.[7])
Вода не кье му́ даи, коа кье іа вати работата.
Воло кога не іади слама, си прежива.[8])
Во неола се фжрли, дури го сработи.
Да іе кабил да летни и да го сработи.
Да іе кабил и нокьта ден да іа стори.
Еден саат или една година мачи се, дури си жиф весели се.
Ем се попопи, ем пак си работи.
Жена работна от Бога іе благосоена.
Зер іачмено му прекапа, што толку вьаса.
Излезе сжрп, женцкьи смжрт.
Излекум, излекум іа свжрши работата.
И многу работи — тоа, и малку — пак тоа.
Имат работа, имат пари; немат работа, немат пари.
Како субашиица оди непрана, отшто има бжрза работа.
Кье се раскьини от работа.
Кьескьин се гледа невестата.[9])
Кої се надеи на падеш, не кье има вадеш.
Лаком за работа, нокье, деньe се тепаш.
Машко, машко и пол за работа.
Малоо чоече, ами пжргао.
Мезе по ракьиа му іе нему наі-тешката работа.
На пато да седни, кье се рани, лели не го мжрзи
На две, на три го сработи.[10])
Не іе срамота од работа.
От пусти сжклет за работа курдеши извäде.[11])
Пари скапани има, ами пак работи.

---

[1]) Бидеікьи іе бес челат, тикьи гаіле не бери.
[2]) Без да мисли за работата, сака да спечали.
[3]) Не му гори ветфата ругузина, за тоа гаіле не бери, некоі зиіан не го вакьа.
[4]) Зборуат нешто, ама не го праит зборо за маслаат.
[5]) Бжрз во сичко.
[6]) Бжрзо работи и малку арции.
[7]) Работи многу и го фали другьио.
[8]) Пжргаф чоек и во празник нешто приработуат.
[9]) Бжрза во работа.
[10]) Непара убао, ама бжрго.
[11]) Се сжкжлдисал от работа, тикьи изваил зжрна како от волк заби.

Пред него уште іеден нема за работа.
Ручек забораи да іади, отшто бжрза.
Рушфет дава за работа.
Сила го тера, за тоа толку вьаса.
Санкьим за бжрза работа се бара тжрчилажо.[1])
Суф леп да іадам, ама мжрза да немам.
Татарите самкьим го бжркаат.[2])
Тупотит, коа да оди, како чекоі коњь.[3])
Тжрчат како некоі конь без узда.
Што да й іадам акот, коа си іе работна.

## 6. Веселость.

Ако іе сиромаф, лели си іе весел.
Вива, дружина да іе жива.
Види го во лицето, оти му іе весело сжрцето.
Гладен и жеден во сжрцето, ами кога си іе весел на лицето.
Гол како сокол, ами кога си іе весел и радосен.
Жени се и после весели се.
Зедоф, дадоф од овоі век, заошто не кье се радуам.
Кжрфта му іе весела, затоа се милуа.
Млада и весела, како некоіа росна салата.
Младите коа се веселат, старите се сжрдат.
Му доідоа козите.
Не заспа од радос.
Петел му пеит во сжрцето.
Сио век сега негоф іет.

## 7. Сърдитость.

Ако се налути, сам кье се одлути.
Без да го гьибниш фитило, се запали.[4])
Го отепуа на лутината и си го однесуа.
Да си іади мжрсулите, тамо тоі.[5])
Едно праи, друго расипуа от пустата негоа лутина.
Една маіка и родила, еден табиет немаат.[6])
Зер ти ми светеше коа се родиф.[7])
Зер му бжрчна една муа, што накрена ушите.[8])
И іас серсем, ама и ти не се караш.
Кої што многу малчит, іа іе насжрден, іа іе замаіан.
Кьути, Маро, кьути, душо, мама кье те мажи.[9])
Мжрмори, се сжрди, и пак сам се отсжрди.
Не кье ти се изеит устата, прогоори, еі чоече Божьо.[10])
Не іет таа глаа, за две нозе да іа носат.[11])

---

[1]) Имало еден чоек што бил многу бжрс за работа, ама и бжрс кога зборуал и лажел.
[2]) Многу вьаса да работи.
[3]) Бжрзат во работата.
[4]) Без да го задрат, се насжрдил.
[5]) Дете коа се насжрдило нешто.
[6]) Едино брат серсем, другьио кроток.
[7]) Му и кажуа годиньето многу, та затоа му се сжрди.
[8]) Му дошол абер нешто лош, та затоа се сжрди.
[9]) Іе се сжрди Мара на маіка іе, та затоа така й вели. И друго.
[10]) Насжрден іет, та затоа молчит.
[11]) Чункьи се налутил многу, и се покажал како ѕвер.

Суф леп да іадам, жена серсем да немам.
Туку се готфи да іа дувни гаідата.[1])
Жржит како некоі пес во котар; или: како некоі аігжр.[2])

## 8. Заканвање и отмъщение.

Бери си умо во глаата, оти ако те клаам в рака?
Вода не кье му даит да се напиіет, ако го клаи в рака.
Го вати во луко; или: во празо.[3])
Да му го іадам..... како праз.[4])
Дење со борина го бара, само ако му го видат очите.
Дури не го тепале, нека се варди, да откоа кье го тепаат, кье си го однесит.
Джр, джр, джр многу не треба, оти евеа суроіцата. Му се вали да го биіе.
Едно го вати и му плати.[5])
Женкару море, женкару, гьиди женцкьи пено, гьиди.[6])
За една чес живеи чоек.[7])
Зер сум кьинисала прет коњ некоаш, да кье го жалам.[8])
Зер не го знаат, што гоедо іет.
И тоі пес, ама и іас уште по-пес.
И дедо егумено сака, арно ама законо не дава.[9])
Како от пес да се браниш.[10])
Како да му бил ф сжрце, се му знаіел.
Камено ако прогоори, да и тоі; земјата ако прогоори, да и тоі.[11])
Кье іа сечиме крастаіцата, као глеам.[12])
Кье го опери липата, со тоі ум што го има.
Коа не се страми, страм да го іади.
Коі ми стои на сонцето, триста колье во сжрцето.
Колку што ми дал, толку нему Госпо му дал.
Коаі коња наопаку и бегаі дури іе бжрго.[13])
Лаіна му за душа.[14])
Легни му да те гази.[15])
Маіка ми жена да ми биди, ако не му го вратам тоа, што ми го стори.
Малку да му вати лопатата вода, и кье гледаш, што кье му стори.[16])
Ми бучи на глаава, ами дури да станам.[17])
Молчи сега како ибрик, откоа му удрија по врат.
Не го остаи да мжрдни, дури не му врати.

---

[1]) Се насжрдило дете и се готфи да плачи.
[2]) Само се сжрдит.
[3]) Го ватил во некоіа грешка и го накажуа.
[4]) Му се вали да му стори нешто зло (да му одмжсти).
[5]) Му вратил злото.
[6]) Му се валит да го накажит, оти іе пушт.
[7]) За направина го нападнал, и тоі се отима и чесеп се покажуа.
[8]) Откоа іе умре мажо, селанката му вракьа и му се вали да не го жала, дека не іа носила нагости.
[9]) На некоі невреден за да рани жена, му се вали така.
[10]) На бжрго му праит пакос и му се валат, задека праит многу зло.
[11]) Го нападнал, и тоі ништо не му прогоорил.
[12]) Му се вали да се дели.
[13]) Некоі му се вали да му напраи некое зло некому, и друк го учи да се истаи от пред него тогаі затогаі.
[14]) И откоа умре, сака да му врати (отмжсти).
[15]) Не му траи на злото, ами му го врати.
[16]) Се страшит, за да не му напраи некое зло.
[17]) Кье го тепа, ако му зборуа на протиф поекье.

Не го траи кожа, дури не му врати.
Нека ми пцоиса магарето у него.[1]
Не тропа бубак во кошница.[2]
Ни от баба бапсто, ни от іунак іунасто.[3]
Ни баре на уо го клават.[4]
Ниіе не сме камен на гроб, да седни секоі на нас.[5]
От зелен венец не се смилиа.[6]
Од апсаана по-тамо нема, нема да му се боіам.
От зборуанье му вати волна устата.[7]
Од маістор џигьер да каснам, да после да умрам.[8]
Од него спаси Бок нема, а за зло има.
Опупулил очи како плачи, санкьим некоі кье му се уплашит.
Од мене дури ако си га наіди.[9]
Парите, парите, земи си парите и паран кадар соіле.
Плати ми, да што сакаш праі.
Песо знаи заошто лаи, за комато да си го варди.
Пот камен да го наідиш.[10]
По пет за пара му оди.[11]
По врага му глаа, нека бега оттука.
Помини, замини и глаата туку му іа вжрти.
Пукна, дури не му врати.
Речта, што ми іа рече, како со нош ме пресече.
Редо го донесе оџата сфиньи да паси.[12]
Си іа кривит устата, како магарицата ....... [13]
Се пулит како гаігура на іаіце:

Сум слушал от стари за гаігуро, како и ведит іаіцата. Гаігуро и несел іаіцата во песокта и не седел на іаіцата да и кфачи како гуската, мисирката, ами кье седнел до іаіцата на една страна близу до нив и само кье му се пулел во ниф цел ден, дури да се изведат гаігурчиньата. Машкото кье шетало по іаденье и женцкото кье и гледа іаіцата; коа кье се наіаделo машкото, кье станело женцкото да паси, па машкото кье му се пулело на іаіцата. Во нашите цжркфи има по кандилата по едно іаіце гаігуроо горе нат кандилото. Тоа било со есап клаіено, дури како от преданиіе, за доброто на рисьаните, демек како што се пули гаігуро во іаіцето се́ едно, така и ниіе гледаікьи на іаіцето, да се потсетиме, за се едно да іа имаме прет Бога мислата, како гаігуро во іаіцето.

Се напнал како коска в гас.[14]
Свети арангьел не си, што ми стоіш просто.
Со празна пушка го вжрза.[15]

---

[1]) Не му се бoі, при се што му вели некоі, кье му стори зло.
[2]) Кроток чоек не се вали да му вракьа на некого.
[3]) Ни іедниo кье види аир, ни па другьио.
[4]) Тoі му се вали да му врати, а другьио не му се бoі.
[5]) Не тжрпит некоі да праи некое зло.
[6]) Мажо му праи зло и жената му го вракьа.
[7]) Го учи да не вракьа зло за зло, а тoі не слуша.
[8]) Сака да му врати на маісторо што му работеше со мжрза.
[9]) Му се вали за нешто зло, што сака да му го стори.
[10]) Ако не го наіди, му се вали да го накажи.
[11]) Страф му іе, дека му се вали.
[12]) Напраил некоаш зло и сега му напраиле.
[13]) Му се вали да му напраи зло.
[14]) Ем не можи, ем се вали.
[15]) Со малку зборои го усуди.

Спорет мачката и стапот.[1])
Тамо поиде, тамо остана.
Татка си не го гледат за една пара.[2])
Тоі многу молчит, ама и глаата іа вѫртит.[3])
Тресната на евреите; или: на кадиіата.[4])
Турчино на колено го има приіателството.
Улаа Калина, іа тепаа по гола газина.
Улаф ако не іе тоі чоек.[5])
Умирање има, а враќање нема.[6])
Уште зер кьe му траат.[7])
Цел в земи кье лежи, ако не му врати.
Чапрашик оди во зборот, ама кье си го земит дарот.[8])
Што ме гледаш како некоі мачор.[9])
Што туку жржит, како некоі пес во штекол.

## 9. Опоритость.

Ако не си от сжрце, биди при сжрце. Дека не му іе челат, треба да слуша.
Бре! — Брекнал ти мео као егьупцкьи тапан.[10])
Болва го праи биоло.[11])
„Вака, вака.“ — „Вака викаат влашкьи крава“.
Вели му ти, оти вака іе арно! тоі што си знаи, си праи.
Евреите се крепат како свиньите.
Каменито сжрце има.
Како муле прет магаре тжрчат.[12]) Щипска.
Мжрсулите не можи да си и обриши, сака да се жени.
Не смжрди толку[13]).
Не су му била баба, да му знам годиньето.
Нека вжрни на мене, не сум сол да се стопам.
Не іет Видим, ами іет Прилеп.[14])
На вода іунаство нема.
